Сакам уште еднаш да спомнам за потребата од разгледување на распределба на овие средства во однос на некои права кои што ги земаа општините, ние им ги препишавме врз база на закон. Ние им дадовме на општините да го користат јазичното право и двојазичност, или тројазичност со закон. И секоја надлежност која што се пренесува на локално ниво со закон, треба да биде проследена со соодветни финансиски средства. Јас тоа го реков кога дискутиравме за Буџетот пред една година, мислам дека тоа го кажав во дискусија по еден ребаланс што тогаш се случи. И Владата уште не размислува во тој правец. Имено, имаме ситуација на асиметрична децентрализација каде што ингеренциите на сите општини се исти, правата, обврските на општините во однос на граѓаните, во однос на јазичното право не се исти, некои општини тоа треба да го спроведуваат, некои не, а финансиски средства за тие општини кои што ја имаат таа обврска да реализираат двојазичност и тројазичност, Владата не размислува да ги компензира. Принцип е, секое право, секоја обврска што и се дава на општината треба да биде покриена и со финансиски средства. И од таа гледна точка јас го прашувам и Министерството за финансии, но и Владата, дали има намера овој елемент на асиметрична децентрализација каде што некои општини имаат повеќе обврски, а исти средства со тие што ги немаат тие обврски, има намера на некој начин да ги решава? Затоа што очигледно имаме општини каде што ја немаме реализацијата за двојазичност заради простиот факт, велат, немаме пари. При распределба на тие средства од централни фондови мислам дека нема ставка, или нема принцип, или нема метод на распределба каде што ќе се вклучи и распределба на средства, повеќе средства на тие општини кои што ја имаат и таа дополнителна обврска. Затоа со најдобра намера и со цел да се надмине овој проблем кој што произлегува од несоодветното покривање на обврските на општините за ова право кое што ние како Собрание со закон сме ги обврзале, значи не се покрива оваа обврска, причинува и нереализацијата на јазичното право на населението кое што е суштествено и на ниво на локална власт, но и на ниво на сите права кои што се предмет на Охридскиот договор, а веќе и на законските и уставните решенија кои што ние ги имаме. Затоа сакав, извинувајќи се за тоа што малку должам, но сакам да го користам овој амандман за да го искажам уште еднаш ова размислување и оваа идеја за да навистина Владата размислува соодветно да ги покрие обврските на општините кои што со закон им се пренесени. Тоа е една работа. И второ, да размислува за поинакво распоредување на средства на централните средства во однос на општините и преку постојните механизми и мерки, како што е ДДВ, како што е персоналниот данок, како што е Фондот за уедначување што треба сега да се заснова, но и преку Законот за рамномерен и регионален развој за да навистина имаме поефективна децентрализација и децентрализацијата да не биде пречка за реализацијата на капиталните инвестиции и трошење на средства за да имаме поголем раст во економијата на земјата.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика се јави господинот Илија Димовски.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе, би сакал јас да му реплицирам на почитуваниот колега Положани. Значи во делот на она што го проектираше како своја идеја како треба да се развива процесот на децентрализација, можам со поголем дел од работите да се согласам. Меѓутоа, не би се

согласил со констатациите кои што беа изнесени во однос на функционирањето во последниов период од година и неколку месеци во областа на децентрализацијата. Јас сакам да потенцирам дека децентрализацијата е еден од врвните приоритети на Република Македонија и сметам дека ниту една влада, па ни оваа не може да се откаже од самиот процес. Би го потсетил колегата Положани на неколку моменти кои што се битни во насока на утврдување прецизно на политиката на Владата во овој сегмент.

Прво, финансирањето на општините е еден комплексен процес. Вие се сеќавате во една пригода јас ги набројав сите 17 начини како може да се финансира една единица на локална самоуправа и мораме да потенцираме дека со зголемената наплата на данокот на додадена вредност и со намалената даночна евазија, значи дека и приходите по основ на тие 3% од ДДВ ќе се зголемат на единиците на локална самоуправа.

Второ, зголемената наплата на персоналниот данок исто така ќе значи зголемување на приходите на општините. Значи, не значи само зголемување на приходите на централната власт, туку тоа значи зголемување на приходите и на општините како Струга, Гостивар, Тетово кои што се општини каде што на власт е вашата партија. Ова парламентарно мнозинство донесе закон за минерални суровини каде што 40% од средствата за концесии се предвидени да одат во единиците на локална самоуправа. Добро знаете дека во новиот Закон за градежно земјиште исто таква одредба е предвидено, 40% од цената постигната од продажбата на градежното земјиште да оди на единиците на локална самоуправа. Исто така, добро знаете дека Собранието на Република Македонија донесе Закон за измени и дополнување на данокот на имот, Закон за кој што вие како опозициони пратеници се противевте, меѓутоа вашите градоначалници силно го поддржаа. Ќе ве потсетам, во периодот кога се расправавме зошто до сега во Република Македонија еден сопственик на стан од 50 м2 во населба Лисиче плаќал ист данок со сопственик на луксузен хотел во центарот на Скопје. Значи, тој Закон исто така многу ќе им олесни и веќе им олеснува во работата на единиците на локална самоуправа. Исто така, би ве потсетил дека во делот на образованието во 2007 година се отплатени огромен дел од долговите кои што беа наследени претходно. И би ве потсетил дека зафатот од бруто домашниот производ за образованието е зголемен од 3 кома нешто проценти на 5,2%. И би сакал да сфатите дека децентрализацијата не може да биде состојба, туку е процес. Се согласувам, наша работа е да бараме од Владата да го динамизира тој процес. Меѓутоа, тоа не може да се реши во еден ден, или во еден месец она што не се решило 7,8 години претходно.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика господинот Азис Положани.

**Азис Положани:** Јас не гледам ни една мерка која што во текот на година ипол е направена во правец на една поинаква фискална децентрализација што предвидува поголем процент на средства за локалната самоуправа. Прибирањето на средствата, тоа е нешто кое што може да влијае, може да не влијае и би се сложил со тоа дека можеби има некои ефекти од таа гледна точка. Секој ден ние со закони им даваме други обврски. Јас го спомнав јазичното право како обврска која што не е покриена. Законот за правата на пациентите, тука гледам дека општината треба да основа таква и таква комисија која што треба да ја плаќа општината. Има и многу други закони кои што секојдневно ја оптоваруваме општината со други давачки. Од таа гледна точка неопходно е, ако сакате навистина да веруваме дека имате добар пристап кон тоа што се вика децентрализација, мора да се разгледа фискалниот дел на децентрализацијата. Инаку ќе останат пак средствата неискористени. Јас реков дека една од причините за неискористеност на средствата што влијае во развојот е несоодветната, значи односот централна и локална власт.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе. Во прилог на подршка на амандманот поднесен од колегите пратеници, сакам со неколку мои размислувања да го поддржам амандманот. Прво, закон кој што го носи Парламентот се носи за да се почитува законот. Кога го носевме Законот за рамномерен регионален развој не само пратениците од опозицијата, туку и пратениците од владеачкото мнозинство укажувавме дека нема да имаме вистински процес на децентрализација ако не биде процесот на децентрализација соодветно поддржан со финансиски средства. Тогаш, имаше амандмани од пратеници од опозицијата за зголемување на

процентото за издвојување од бруто домашниот производ за рамномерен регионален развој, со цел да се отстранат постојните диспаритети на нерамномерен регионален развој на Република Македонија и концентрацијата на се во Скопје и за сметка на тоа запоставување на останатите региони во Република Македонија. Без разлика што тие амандмани тогаш не беа прифатени, владеачкото мнозинство го изгласа Законот со 1% од бруто домашниот производ да биде наменет, тоа е во член 27 од Законот кој што го изгласавте колеги пратеници. И сега Владата не го почитува законот кој што го предложи да се донесе. Тоа мене ми е несфатливо. Зошто не го почитува? Не го почитува заради тоа што не си ги заврши работите Владата. Еве, ќе ви напоменам само неколку аспекти. Сеуште не е конституиран Советот за рамномерен регионален развој. Иако според Законот кој што го усвоивме овде пред неколку месеци требаше во рок од 60 дена да се формира тој совет за рамномерен регионален развој. Владата има мнозинство, или после со некои амандмани мислам дека дојдовме 50 % со 50% во тој совет за рамномерен регионален развој влегува вице премиерот, влегува министерот за транспорт и врски. И сега Владата не го почитува Законот кој што ни го предложи и кој што владеачкото мнозинство го изгласа и поминаа не 60, туку пет пати по 60 дена од донесувањето на тој закон.

Второ, Владата требаше да ги утврди подрачјата со специфични развојни потреби. Тоа сеуште Владата го нема направено. Кој е виновен Парламентот.Не се пратениците колеги од владеачкото мнозинство во Парламентот виновни. Значи, Владата е одговорна. Исто така не е направено ништо за планските документи кАко подзаконски акти кои што исто така треба да се усвојат од Владата. Не е направено ништо за стратегијата за рамномерен регионален развој. И сега се прашуваме, зошто процесот на децентрализација ќе ни биде одземен како оваа година и наредната дека не се одвива во потребниот правец. Јас не можам никако поинаку да го сфатам одбивањето на овој амандман, освен едно, дека Владата не сака да дозволи она што треба со закон да биде во надлежност на општините, туку си го зачувува за себе таа да планира каде ќе се трошат средствата од Буџетот, од парите од сите граѓани во Република Македонија. И затоа Владата, јас за тоа зборував во уводното излагање, ги насочува сите во Скопје и затоа Владата капиталните инвестиции од култура ги насочува во скопско-тетовскиот регион. Прашувам дами и господа, што треба да направиме ние кои што сме надвор од Скопје? Треба да ги повикуваме граѓание да не плаќаат даноци. Извинете, но оваа каса се полни со парите на сите граѓани од Република Македонија. Заради тоа да нема централизираност во трошењето на средствата, на парите од граѓаните. Заради тоа го носевме Законот за рамномерен регионален развој, а не го носевме за тоа да и докажеме на ЕУ, еве, ние донесовме Закон, ама сега не го имплементираме. А зошто не го имплементирате? Заради тоа што Владата не е спремна. А дека е така потврдува и еден друг факт. Министерството за локална самоуправа е единственото министерство кое во најкраток период смени двајца министри. Сега немаме министер за локална самоуправа. Министерот си даде оставка пред еден ден-два. Јас сум убеден дека најголемиот дел колеги пратеници и од владеачкото мнозинство не се согласуваат со ваквиот начин на трошење на буџетските средства. Погледнете ги од 306 амандмани, направете една анализа, најмногу се од нас пратениците кои што сме надвор од Скопје. А некои колеги пратеници ќе дојдат само за избори тогаш да бидат на листите, во Битола, во Делчево, во Берово и тогаш се ќе ветуваат, а сега не оставаат сами ние да поднесуваме амандмани, ние да се бориме за тие региони. Во најмала рака не е коректно спрема граѓаните кои што живеат надвор од Скопје. Од друга страна, и за скопјани тоа не е добро, претераната концентрација на моќта во Скопје. Ќе повторам нешто што сум го кажувал, го угушивме Скопје само од таков начин. И сега се поставува прашањето зошто донесовте закон? Кога сега не го почитувате законот. Мислам дека не е во прашање дали ќе се прифати овој амандман или нема да се прифати, во прашање е зошто Владата не го почитува законот кој што го изгласа Парламентот. Ако се продолжи со таков начин, непочитување на изгласани закони, тоа води кон еден друг систем на уредување кој што е далеку од демократски систем на уредување во било која демократска земја. Или пак сакате со парите кои што се на тие општини, да им кажете, еве Владата дојде и сега ќе го пуштиме водоводот, водоводот ние ви го направивме. Зошто вие го направивте кога тие пари се од граѓаните од цела држава. Ние мораме да одиме на процесот на децентрализација со финансиска поддршка не со декларативни залагања дека

сме за рамномерен регионален развој. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците кои сеуште не влегле во салата, да повелат да влезат во салата, затоа што не очекува гласање.

Ги повикувам службите да се подготват да достават точен број на пратеници присутни во салата.

Ги повикувам пратениците кои не се влезени во салата, да повелат да влезат во салата, затоа што не очекува гласање.

Бидејки во салата има 62 пратеници, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 46 пратеници, за гласале 11 пратеници, воздржани нема, против гласале 35 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворм претрес по амандманот на раздел 01002 Програма 2, потпрограма 20 ставки 423, 424, 425 и 483 и раздел 04002 Програма 1 потпрограма 10 ставки 423, 424, 425 и 483 поднесен од Комисија за надзор над работата на Управата за безбедност и контра разузнавање и на Агенцијата за разузнавање.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Предраг Трпески:** Јас имам да кажам дека она што Агенцијата за разузнавање го поднесе до Министерството за финансии, морам да кажам дека тие доста педантно работат, она што тие го поднесоа во циркуларот до Министерството за финансии, тие средства се одобрени. Тука е наведено, во образложениeто дека се одобрени средства што ќе помогнат за влез на Република Македонија во НАТО.

Сите активности што беа сврзани и пријавени од сите институции дека се во функција за влез на Република Македонија во НАТО, тие ставки беа одобрени. Најголемиот дел, се разбира во Министерството за одбрана.

Така што овој амандман не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

За збор се јави господин Есад Рахиќ, повелете.

**Есад Рахиќ:** Почитуван претседателе, драги колеги пратеници, почитуван заменик министер,

Мислам дека вие бевте на таа седница на Комисијата кога расправавме за Буџетот во овој сегмент. Ако се сеќавате добро, сите колеги пратеници, вклучувајќи ја и опозицијата и позицијата, едногласно, по образложувањето на директорот на Агенцијата за разузнавање дека дел од средствата што се дадени во висина од 15,26% соодејствуваат дури и на зголемувањето на Буџетот комплетно.

На прашање на моите колеги за рамномерната застапеност, ако се сеќавате, рековте дека се одвоени средства за тие исти луѓе. Меѓутоа, тие исти луѓе немаат средства, немаат мебел, канцеларии, опрема со кои ќе работат.

Сметам, ако во годината, кога Македонија треба да ја добие поканата за членство во НАТО, во годината кога ќе се решава статусот на Косово, во годината кога Македонија можеби ќе има и одредени безбедносни предизвици, сметам дека секој денар вложен во безбедноста и безбедносните служби не е залудно фрлен.

Затоа, би ги замолил колегите пратеници, бидејки станува збор за не голема сума, некаде во висина од околу 5.116.000 да го подржат овој амандман. Благодара,

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставм на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, за гласале 11, воздржани нема, против 45 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 02001 Програма 2 потпрограма 20 ставка 420 и на раздел 09002 ставка 426 поднесен од Комисијата за надворешна политика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Предраг Трпески:** Следејки ја динамиката од претходната година, колку пари беа одобрени, следејки го степенот на искористеност на средствата што сега се бараат, имајки предвид дека последниот податок од денес стои дека 3 милиони денари сеуште не се искористени за патни и дневни трошоци од страна на Собранието,

амандманот нема да го прифатиме, со тоа што има потврда од Собранието дека средствата стигаат до септември месец. Ќе остане нашата обврска, со првата корекција да се надополнат сите неопходни работи што треба за Собранието до крајот на 2008 година.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Владата не го прифаша амандманот.

За збор се јави господин Оливер Шамбевски, повелете.

**Оливер Шамбевски:** Благодарам господине претседателе,

Во име на Комисијата за надворешна политика должен сум да ја образложам намерата за поднесување на овој амандман.

Инаку, како што се сеќавате и вие, некаде на почетокот на ноември не собравте сите шефови на делегации на парламентарните групи во разни-разни парламентарни собранија во многу мултилатерални организации и ни рековте дека треба максимално да се редуцираат сите патувања, сите повикувања на гости од страна и т.н. заради тоа што последните два месеци од годината Собранието немаше пари за такви активности.

Имајќи предвид каква е наредната година позначење за Република Македонија, имајќи го предвид вашето залагање за колку е можна поинтензивна парламентарна демократија, и од името на Комисијата за надворешна политика но и мојот капацитет како шеф на Парламентарната делегација во Парламентарното Собрание на Советот на Европа навистина апелирам до сите колеги пратеници да го подржат овој амандман, затоа што лесно можеме да се доведеме во проблем со функционирањето на делегациите и на групите за соработка, особено при крајот на наредната година.

Така што уште еднаш ве повикувам овој амандман да го подржиме. Ви благодарам.

**Благој Зашов:** Му благодарам на господинот Шамбески за објаснувањето.

Збор има господин Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски**: Благодарам господине потпретседателе,

Можеби сум еден од оние пратеници кој еве трет мандат, но кој многу слабо патува во странство. Но, сакам да дискутирам во подршка на дискусијата на господинот Шамбески, да укажам на една работа.

Потценувачката улога што може Парламентот и пратениците да ја имаат во надворешната политика продолжува од сите влади почнувајќи од 1990 година па до денес. И владите што ја сум ги подржувал и сум гласал за нив го имале истиот однос кон пратениците.

Имав можност оваа година само еднаш да одам во Стразбург и да пренесам, дел од колегите се тука, што ни рекоа пратениците од Европскиот парламент. Дека, не само земјите кандидати, кои се членки за Европската унија, туку и земјите кои претендираат кон тоа,немаат потпишано ниту спогодба за стабилизација и асоцијација, имаат постојано присуство на пратеници во Европскиот парламент и лобираат за своите земји.

Што се случува кај нас. Кај нас,не само што не можат да одат поголем дел на пратеници, но и тие ког аќе одат, ќе ги осакатиме, ќе му пуштиме само еден член од службите. А, кога ќе оди некој од Владата си ги земаат возачите, си ги земаат келнерите, си ги земаат оние кои им ги носат торбите, не знам за што. Тие можат да трошат пари, а еден пратеник кој може да има средба со пратеници од Европски парламент, не може никогаш да стигне до тоа.

Погледнете ги сликите кога ќе оди некој од нашите министри, ќе видите дека во Делегацијата застанал нивниот возач кој таму нема врска, ниту вози човекот, ниту ништо во државата каде отишол, а тој стои покрај него. А да не зборуваме дали има приватна злоупотреба на тие патувања.

Во целосна подршка на господинот Шамбески сакам да укажам да не продолжи потценувачката улога кон Парламентот, особено сега кога ни е важно и за НАТО, за што сум убеден дека е завршена работа. И да сакаме, со сила ќе не пикнат и немојте повеќе да ни кажувате дека многу напори правите за НАТО, бидејки е тоа завршена работа за мене. Но и за во Европската унија.

Неопходно е пратениците да имаат контакти. Оваа деструктивност до сега е незабележана. Во целост го пдоржувам излагањето на господинот Шамбески. Ги гледате напорите што ги прават колегите кои патуваат, кои се во делегации, дека имаат успех во надворешната политика на Република Македонија. Благодарам.

**Благој Зашов**: Благодарма господине Најдовски.

За збор се јави госпоѓата Флора Кадриу, претседател на Комисијата за надворешна политика.

Повелете госпоѓо Кадриу.

**Флора Кадриу:** Ви благодарам господине потпретседателе.

Господинот, почитуваниот колега Оливер Шамбески го истакна ставо ти образложението на Комисијата за надворешна политика како член на оваа Комисија. Меѓутоа, јас како претседател на Комисијата за надворешна политика почувствував потреба исто така да се надоврзам околу образложението да го подржам амандманот, затоа што на последната седница на Комисијата за надворешна политика, сите нејзини членови едногласно го подржаа амандманот со кој што сметаат дека има потреба од зголемување на материјалните трошоци и дневниците на пратениците кои имаат престој надвор од границите на Република Македонија.

Му се заблагодарувам и на господинот Слободан Најдовски кој го подржа амандманот, сметајки дека тој, до колку се прифати и се пдоржи, а се надевам дека мнозинството ќе го направи тоа, ќе овозможи на достоинствен начин и на онаков, како им доликува на пратениците на Република Македонија да ја промовираат Република Македонија и да лобираат токму во овие моменти кога се работи за државен интерес, за нејзина интеграција во Европската унија и НАТО алијансата.

Ве повикувам и сум убедена дека повеќето пратеници ќе гласаат и ќе го подржат амандманот. Ви благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓо Кадриу.

За збор се јави господин Иван Анастасовски, повелете.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам почитуван потпретседателе, и нека ви е со среќа првиот ден.

Почитувани колеги, почитуван министер за финансии, бидејки овде како колеги пратеници пред се обраќаме до вас да го промениме вашето размислување по однос на овој амандман, да бидам искрен, од големиот број амандмани што се поднесени од сите колеги пратеници овде во Собранието не успеав овој амандман да го видам. Слушајки ја дебатава, сега и колегата Шамбески и претседателот на Комисијата за надворешна политика колешката Кадриу и колегата Слободан Најдовски со кого бевме во една делегација заедно во Стразбург кога се договоривме, бидејки е неопходно пратениците да имаат што почести контакти со нашите европски колеги, се договоривме, а претпоставувам добро се сеќава и колегата Најдовски да една група на пратеници, еве нека биде тоа, што е најсоодветно, пратениците од Комисијата за надворешна политика, барем еднаш, кога има заседание во Брисел, да бидат присутни, да имаат непосредни контакти со нашите европски колеги и еднаш, по потреба да бидат во Стразбург.

Претпоставувам и вие се сеќавате почитуван потпретседателе, заедно тоа го разговаравте на средбите во Стразбург што ги имавме со нашите колеги, ни беше укажано дека е неопходно, како колеги пратеници кои имаат дипломатска мисија да имаме што почести контакти и да лобираме кај нашите европски колеги. Бидејки за Македонија , кога бевме за разгледувањето на Извештајот кај Ерик Меер, некаде во март, ни беше децидно сугерирано дека само кога има извештаи одредени се дебатира во европските институции, дали во Брисел или Стразбург за Република Македонија. И дека е неопходно да имаме што почести контакти.

Токму во таа насока го гледам и овој амандман и оваа заложба на Комисиајта за надворешна политика и она што условно речено го заговаравме, да одредени пратеници бидат присутни и имаат редовни контакти, не како што некои секогаш обвинуваат, да се шетаме и да одимена шопинг, дали во Брисел, дали во Стразбург и да убедуваат за Република Македонија.

Токму во таа нсока, гледам дека е овој амандман. Затоа, ако веќе предлагачот на Буџетот, Министерството за финансии го одби амандманот, тогаш тоа да го направат колегите пратеници. Верувам дека ќе направиме добро дело за Република Македонија. Ќе ги зачестиме контактите со нашите европски колеги, а тоа навистина ни е потребно. Ви благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Амнастасовски.

За збор се јави пратеникот господин Бесим Догани, повелете.

**Бесим Догани:** Ви благодарма потпретседателе.

Ќе се обидам да бидам краток и концизен во овој дел. Мојот говор ќе биде во подршка на овој амандман.

Почитувани колеги, имајќи предвид дека долг временски период ја играм улогата на потпретседател на Собранието и долг период сум во неколку делегации, сум и шеф на делегацијата за НАТО, одблиску ги познавам овие проблеми за кои се говореше и од колегата Шамбески, колегата Анастасовски и госпоѓата Кадриу. Со полна одговорност тврдам дека, да не кажам дека е и голем срам, меѓутоа сигурно дека не е добро што не се знае нивото и значењето на парламентарната дипломатија, што посебно во неколку сегменти, во неколку делегации каде учествуваат нашите делегации се многу успешни. Можам да кажам дека резултатите што се постигнуваат на овие средби се многу потребни за напредокот на Република Македонија.

Затоа ќе се обратам до Валдата, до претставникот на Владата кој во ниту едне момент не треба да биде потценета парламентарната дипломатија и да бидат малку посвесни, кога и да се пројави барање од страна на парламентарците, од страна на пратениците да се зголеми износот на финансирање, што се однесува за претставување на Република Македонија и нејзините интереси надвор од државата тоа да го сфатат сериозно и да не покажат, да не кажам арогантност, едноставно одбивање без никакво дополнително објаснување на барањата на пратениците.

Значи, да бараат самите претставници на Владата средби со пратениције, со парламентарците, да ги дискутираат овие прашања и овие работи да ги решат во прилог на вистинско застапување на Република Македонија надвор од државата. Затоа, во поддршка на овој амандман, ги молам сите пратеници без оглед дали припаѓаат на позиционот или опозиционот блок да гласат за овој амандман. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Догани.

Дали од пријавените има некој за реплика, или сите се за збор. (Сите се за збор).

Тогаш, повелете господин Васко Шутаров, имате збор.

**Васко Шутаров:** Благодарам потпретседтеле.

Дозволете ми од мое име да ви го честитам вашиот прв работен ден како потпретседател на Собранието. Ова ви го укажувам и од овие причини, бидејќи како колега пратеник, како колега од Комисијата за надворешни работи, на кои што сме членови многу често дискутиравме за еден сегмент, дел од нашата задача како пратеници, а тоа е Парламентарната дипломатија.

Како што гласи амандманот од Комисијата за надворешни работи, на која што сме членови и двајцата за патни и дневни и трошоци за патување во странство, може кај одреден дел од колегите да настане и одреден отпор спрема овој амандман.

Станува збор за еден многу битен сегмент од дипломатијата. Дипломатите велат мо жеби еден од најважните во актуелните светски моменти. Значи четврт сегмент на дипломатијата, а тоа е парламентарната дипломатија, многу важна со контактите со колегите од странство. Но сакам да укажам, поддржувајќи го овој амандман на уште еден сегмент кој што претпоставувам, дека кај одредени колеги пратеници предизвикува одреден отпор према ова. Од кои причини? На првата наредна седница на Комисијата за надворешни работи за 2008 година се договоривме да направиме план и програма на активностите за 2008 година. Значи, во најголем дел активностите на оваа Комисија и на останатите, да не бидат стихијни или однапред дефинирани спрема закажаните сесии за 2008 година.Значи малку проактивна и повеќе дефинирана категорија да стане ова што го нарекуваме парламентарна дипломатија. Во тој контекст, сакам да кажам дека како член на Комисијата за надворешни работи го поддржувам овој амандман. Благодарам.

**Благој Зашов:** Ви благодарам господине Шутаров.

За збор се јави почитуваниот колега Сафет Незири, поелете.

**Сафет Незири:** Ви благодарам господине потпретседателе.

Читајќи го овој поднесен амандман од Комисијата за надворешна политика и дебатите кои ги слушнав од колегите, посебно од парламентрното мнозинство кои се навистина за а се размисли на оваа основа каква политика се развива. Јас во целост го разбирам значењето и тежината на надворешната политика на нашиот парламент и сите комисии кои имаат непосредни контакти со европските институции и надвор од европските институции, навитина, сите тие трошоци за кои имаат потреба нашите делегации да ги посетуваат, тие трошоци во нашата држава се многу мали, а камо ли кога се излегува надвор. Но, малку е и смешно, коментарите кои ги прават нашите колеги од

прламентарното мнозинство и постапуваат како да постапуваат од позиција на опозиција, а не од позиција на парламентрно мнозинство. Навистина се сомневаме кои се односите на нашите колеги од парламентарното мнозинство, визави Владата. Јас би побарал, амандмани од оваа природа, да не се поднесуваат од парламентарното мнозинство и би било добро парламентарното мнозинство, разликите кои ги имаат меѓу себе визави Владата да ги испеглаат и да разговараат со своите репрезенти во Владата. Значи, Владата да ги предвиди со буџет сите овие барања за кои мисли парламентарното мнозинство, како што е конкретниот случај со амандманот од Комисијата за надворешна политика. Затоа мислам дека овие работи кои ги прави парламентарното мозинство оди во насока на мо жеби забрзување на процесот на донесување на овој буџет и во иднина треба да го има предвид парламентарното мнозинство, да биде малку, помалку во забрзувањето на овој процес во однос на поднесување на амандмани по однос на Буџетот и треба да разговараат директно со Трајко Славески како министер за финансии за овие прашања, пред да се изготви Буџетот и да се уредат и да се испеглаат како разлики меѓу владината коалиција. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, за гласале 31, воздржано 2, против 29.

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на раздел 02001 програма 2, подпрограма 20 ставка 425 и раздел 04002 програма 1, подпрограма 10, ставка 425, поднесен од пратениците Есад Рахиќ, Ружди Матоши, Зоран Витанов, Роза Топузова Каревска, Садула Дураку, Јани Макрадули, Слободан Најдовски, Васко Шутаров, Анета Стефаноска, Аднан Јашари, Сафет Незири, Џеват Адеми, Рафис Алити, Неждет Мустафа, Никола Рилкоски, Верица Филипова, Марјанчо Николов, Влатко Серафимов, Ќенан Хасипи, Хади Незири, Весна Јаневска, Кире Гештаковски, Славица Грковска, Фијат Цаноски, Оливер Спасовски, Игор Ивановски, Горан Мисовски, Благој Зашов, Фадил Сулејмани, Силвана Бонева и Весна Бендевска, под архивски број 07-4819/106.

Го молам претствникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Славески.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Оваа импресивна листа на потпишани пратеници, укажува на фактот дека навистина, станува збор за прилично важна работа, станува збор за канцеларии, за комуникација на пратениците со својата изборна база, со граѓаните. Овој проект започна и беше поддржан од Националниот демократски институт.

Во името на Владата на Република Македонија да им се заблагоарам за идејата и реализацијата на таа идеја и поддршката во периодот од неколку години. Мислам дека е време Владата на Република Македонија или Буџетот на Република Македонија да презеде дел од обврските за натамошно функционирање на оваа многу значајна форма за комункација со граѓаните и оттука, Владата на Република Македонија го прифаќа овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа овој амандман. (Аплауз)

Според тоа, текстот на амандманот станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 02001 програма 2, подпрограма 20 ставка 425 и раздел 09004 програма 2, подпрограма 20, ставка 425, поднесен од пратениците Есад Рахиќ, Рафис Алити, Џеват Адеми, Аднан Јашари, Садула Дураку, Зумрете Јакупи, Сафет Незири, Сселвие Салиу, Тахир Хани, Ајше Селмани Горан Мисовски Благој Зашов, Слободан Најдовски, Славица Грковска, Јани Макрадули Никола Ќуркчиев, Весна Бендевска, Тале Герамитчиоски, Роза Топузова Каревска, Ристана Лалчевска, Силвана Бонева, Мирјана Секуловска, Анита Кипаризова Крстеска, Васко Шутаров и Ружди Матоши под архивски број 07-4819/275.

Го молам претствникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Славески.

**Трајко Славески:** Почитуван претседателе слично и како претходниот предлог за амандман на Буџетот на Република Македонија, станува збор за една воспоставена практика на ангажирање на млади обучени, образовани ентузијасти во службите на Собранието на Република Македонија, кои се директна поддршка на

пратениците.Во оваа форма, и лично гледам еден инсрумент, еден корисен институт што во иднина множеби ќе треба да се професионализира, кој што е од обострана полза и за пратениците кои што имаат потреба од поддршка во текот на своето функционирање, а исто така и тие млади луѓе стекнуваат огроно искуство и тоа искуство можат да го применат или во Собранието на Република Македонија или во професиите што тие сами ќе ги избираат во текот на својата работна кариера. Повторно благодарноста е кон Националниот демократски институт од САД, бидејќи ја помагаше низ години оваа програма и Владата на Република Македонија го прифаќа овој ам андман.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа овој амандман.

Според тоа, текстот на амандманот станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 02001 програма 2, подпрограма 20 ставка 426 и раздел 05001 програма 1, подпрограма 10, ставка 426, поднесен од пратениците Есад Рахиќ, Ружди Матоши, Слободан Најдовски, Силвана Бонева, Рафис Алити, Џеват Адеми, Аднан Јашари, Садула Дураку, Зумрете Јакупи, Сафет Незири, Селвие Салиу, Тахир Хани, Ајше Селмани, Мирјана Секуловска, Горан Мисовски Благој Зашов, Славица Грковска, Јани Макрадули, Никола Ќуркчиев, Весна Бендевска, Тале Герамитчиоски, Роза Топузова Каревска, Ристана Лалчевска, Анита Кипаризова Крстеска, и Васко Шутаров и под архивски број 07-4819/274.

Го молам претствникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Славески.

**Трајко Славески:** Почитуван претседателе станува збор за практиката што ја воспостави минатата година македонскиот парламент, парламентот да биде отворен за граѓаните и во таа отворност да се помогне на некои граѓани кои што живеат надвор од главниот град на Република Македонија, навистина да го остварат тоа свое право да се запознаат од близу како функционира македонскиот парламент. Тоа повлекува со себе и средства.

Во текот на изминатите години овие средства беа обезбедувани од страна на Буџетот на Собранието на Република Македонија. Сега се предлага средства да се пренаменат од една ставка од Министерството за одбрана. Сумата на средства не е висока, но Министерството за финансии ќе му помогне на македонскиот парламент во текот на наредната година со соодветна намена да се обезбедат средства за реализирање на оваа активност. Активноста ќе може навреме да се реализира како што е програмирана и замислена. Оттука, не можеме да го прифатиме овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Значи, Владата не го прифаќа овој амандман.

За збор се јави Есад Рахиќ, повелете.

**Есад Рахиќ:** Почитуван претседателе, драги колеги пратеници, почитуван министер. Јас мислев дека вашето образложување на ставот на Владата, како член на Владата ќе го прифативте и овој амандман, особено затоа што се работи за 3.915 илјади денари. Мислам мала е ставката и не знам зошто после овие убави зборови и после позитивното размислување за двата амандмана, овој амандман не се прифаќа. Особено ако пред две или три години се восостави оваа манифестација и успеавме овој законодавен дом да го претставиме како дом на сите граѓани на Република Македонија, затоа што и ние сме избрани од граѓаните. Затоа сметам дека направивте една ситна грешка која што немаше основ за оваа мала сума на пари за една традиција која што мислам дека е добра а која што вие и вашата Влада ја правите, па ја отворивте и Владата за граѓаните на Република Македонија. Не знам зошто тогаш не би го направиле истото и со Собранието. Затоа апелирам до колегите пратеници да гласаме со уште една мала напомена да дадеме поддршка со стискање на копчето, а не само вербално кога зборуваме дека ќе го поддржиме амандманот, а потоа не гласаме. Ова е во интерес на Собранието и на граѓаните на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има госпоѓа Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе, колешки и колеги пратеници,

Ако добро го разбрав заради галамта во салата министерот, министерот кажа дека и претходните години имало средства за оваа активност на Собранието, ако добро разбрав во образложениеto.

Јас сакам во оваа прилика да го искажам мојот остар протест заради неорганизирање на денови на Собранието во мандатот кога ВМРО ДПМНЕ ја има одговорноста во државата. Кога ВМРО ДПМНЕ има

претседател на Собранието, го има парламентарното мнозинство. Значи, во мандатот кога ВМРО ДПМНЕ владее со државата, ние го затворивме Собранието за граѓаните на Република Македонија, го затворивме нивниот претставнички дом за сметка на отворање на вратите на Владата на Република Македонија за граѓаните. Владата која е избрана од ова Собрание и која треба да одговара пред ова Собрание ги отвори вратите за граѓаните, меѓутоа, овој собраниски дом ја прекина традицијата од за мене непознати причини, за кои што можам само да претпоставувам кои се навистина.

Значи ние се доведовме во ситуација покрај директивите кои што претседателот на Собрание директно преку мобилен телефон за време на водење на седниците ги добива од премиерот по директива на Владата, немаме ни отворени денови на Собранието и практично, онаа институција која што ги претставува граѓаните, онаа институција која што има обврска да зборува во име на граѓаните, оваа институција која што има обврска да биде отворена кон граѓаните во секое време, практично да ја нема таа можност. Ние се доведовме во ситуација, благодарение на вас претседателе, благодарение на ВМРО ДПМНЕ да ги затвориме вратите на граѓаните, граѓаните да не можат да доаѓаат во собранискиот дом, граѓаните да можат да влезат во Собранието само доколку има дозвола од координаторот на пртеничката група, а тоа е благодарение на вас. Никогаш Собранието не било по затворено, никогаш не се случило после воведувањето на праксата за отворени денови на Собранието, без никакви аргументи, без никаква причина, отворени денови на Собранието да ни се организираат. Тоа претпоставувам дека е во духот н а владеењето на господинот Груевски, кој што сака и полека воведува тоталитарно владеење, кој што сака да ги одземе ингеренциите и дефакто, ги одзема ингеренциите на собранискиот дом, сака да контролира се во државата, не само Собранието и други институции за што сме зборувале и за други решенија и по други поводи во овој собраниски дом, што е крајно загрижувачки и сериозен удар за демократијата во Република Македонија, како и за нејзиното уредување.

Затоа, јас апелирам парламентарното мнозинство да го прифати овој амандман и апелирам до вас претседателе да бидете вистински пртседател на Собранието на Република Македонија, да ги отворите вратите на Сораниeто за граѓаните на Република Македонија и да не барате безсмислени изговори за неорганизирање на отворени денови на Собранието. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Андов, повелете процедурално.

**Стојан Андов:** Предлагам господинот министер да го прифати овој амандман, бидејќи ќе изгубиме цел ден за оваа работа, бидете сигурни, а повторно ќе го донесеме. Со методот на распределба што сака да го направи и да го реши ова прашање, ќе го реши прашањето на оние средства каде што ќе недостасуваат, да си го прифати овој амандман. Така да, лесна е работата тој има власт и може тоа да го стори и така да направиме.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине Андов.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе.

Јас сакам да ги замолам колегите да не го трошиме времето на дискусии по ова прашање. Несомнена е волјата кај сите, па влучувајќи ја дури и Владата на Република Македонија, тоа го покажа пред малку со за прв пат усвојување на амандман што значи отворање на канцелариите, преземање дел од обврските кои што досега ги имаше, благодарение на добрата волја и помошта која што ја даваат за развој на парламентарната демократија во Република Македонија тоа е Националниот демократски институт. Значи, јас исто така би апелирала до колегите, денови на Собранието на Република Македонија ќе има. Пари беше ветено од страна на министерот дека со првиот ребаланс ќе бидат дадени.

Сега дали како што спомна господинот Андов оставаме на господинот министер за финансии да оцени, но ветено е дека пари ќе добиеме. Проблемот е заради тоа што од Министерството за одбрана е напишано да се земат пари од ставката за одбрана. Доколку има можност министерот ќе каже дали може тие да ги пренаменат парите, па да се одобри амандманот, а доколку не, тогаш останува на првиот ребаланс на Буџетот да ги добиеме парите, а со постојните средства на Собранието да ги организираме деновите на Собранието. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете господине министре.

**Трајко Славески:** Добро дозволете една корекција. Амандманот да го прифатиме.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот и текстот на овој амандман станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 02001 Програма 2 Подпрограма 20 ставка 483 и раздел 09002 Програма 2 Подпрограма 20 ставка 464, поднесен од пратениците Слободан Најдовски, Васко Шутаров, Анета Стефановска, Аднан Јашари, Садула Дураку, Јани Макрадули, Никола Поповски, Сафет Незири, Џеват Адеми, Рафис Алити, Неждет Мустафа, Никола Рилковски, Верица Филипова, Марјанчо Николов, Влатко Серафимов, Ќенан Хасипи, Хади Незири, Весна Јаневска, Кире Гештаковски, Славица Грковска, Фијат Цановски, Оливер Спасовски, Игор Ивановски, Горан Мисовски, Благој Зашов, Фадил Сулејмани, Силвана Бонева, Весна Бендевска, Миле Пачемски, Тале Герамитчиоски, Зоран Витанов, Јован Манасијевски и Ружди Матоши под архивски број 07-4819/140.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Славески, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Овој предлог во основа е секако добар, за поздравување, во насока е на осовременување на поврзаноста на Парламентот со современи комуникациски средства, хардвер и софтвер. Владата на Република Македонија има и во Буџетот за 2007 година средства за кои вие знаете до крајот на оваа година беа реализирани 22 милиони денари, предвидени се средства и во текот на наредната година. Јас сметам дека тие средства како што тече динамиката на реализација на овие проекти, она што е предложено од Владата во Буџетот за Собранието се сосема доволни. Уште една причина средствата од кои што се предлага пренамена се стрикно определени за функционирање на државата Република Македонија од аспект на некои непредвидени настани како што е исплата по судски решенија итн, кои што може да се почувствуваат како потреба за секој буџетски корисник и оттука јас молам за разбирање дека овој амандман не се прифаќа. Значи амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Процедурална интервенција има госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Сосема кратка сугестија за да не се случува повторно, јас препорачувам претниците да не ги злоупотребуваат процедуралните забелешки кога имаат само дискусии по амандманите. Тоа што го кажуваше госпоѓата Бонева беше дискусија по амандманот и јас замолувам тоа да не се случува во иднина.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Сега за збор се јави господин Џеват Адеми, повелете.

**Џеват Адеми:** Благодарам претседателе.

Стекнав впечаток дека во знак на добар почеток од страна на претставникот на Владата министерот за финансии со тоа што ги прифати амандманите предложени од пратеници од сите парламентарни групи што мора да признаеме дека ретко се случува во овој Парламент. Меѓутоа, сепак морам да изразам незадоволство. Незадоволство затоа што не продолжи со добрата пракса со тоа што ги прифати трите претходни амандмани, дотолку повеќе кога се однесува на ова прашање ние и во комисиисте кога сме дебатирале сме биле во дилема, зошто средствата доделени со ребалансот на Буџетот 2007 година за обезбедување на софтвер и другите дополнителни потреби за функционирање на компјутерската мрежа во Парламентот не се реализира. Имаше недоразбирања од страна на пратениците со министерот за финансии и излезе дека виновник за ова не е Владата туку Парламентот. Односно раководството на Парламентот со тоа не обвинувајќи ги професионалните, стручните служби. Судам дека е во интерес на ефикасноста на работата на Собранието, не на пратениците, во прв ред на службите и не ја сфаќам причината зошто министерот не го прифати овој амандман кога доколку сите потписници се искрени дека потпишувањето значи и гласање за овој амандман и така овој амандман ќе помине. За да ја избегнеме непотребната дебата, непотребната политизација на ова прашање кое што е многу значајно за функционирањето на службите во Парламентот, а не се ни многу средства во прашање. Значи, тоа е толку мал износ и не знам зошто би отварале дебата за ова прашање. Јас би се обратил до господинот министер да размисли уште еднаш за ова прашање. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Мислам дека нема потреба да се разубедува парламентарното мнозинство за да даде подршка на овој амандман со оглед дека дел од пратениците и од нив се потпишани и дел од нив се веќе и втор мандат и знаат во какви услови работи Собранието во какви услови се наоѓа комјутерската опрема и софтверот и мислам дека е илузорно овде да се докажуваме и разубедуваме. Меѓутоа изненадена сум од министерот зошто не го прифати овој амандман и на самиот почеток да кажам дека не се работи за компјутери за пратениците затоа што многу често веднаш се сфаќа дека исклучиво се работи за да се набават лап-топови за пратениците, иако не гледам ништо лошо дури и во тоа да биде. Меѓутоа, мислам дека овој пат треба да се каже вистината, се работи за софтверската опрема и компјутерите на кои што работат и пратениците во Собранието, но и службите. Не знам дали знаете во каква состојбата се компјутерите, колкава бројност има и службите кои едвај и така се преполовени стигнуваат да си ја обавуваат својата работа уште мораат да трчаат постојано кај нас пратениците за да ни помогнат да поправиме одредена грешка на компјутерот кој што многу често се јавува и да ни помогнат да ја завршиме работата. Имено, улогата на пратеникот не е само да доаѓа и да седи во оваа сала, туку меѓу другото е да може и да ги користи компјутерите за преку нив да обезбеди компаративни искуства кои што се потребни за пишување на амандманите и предлагањето на законите. Навистина ситуацијата во Собранието е алармантна, апсолутно луѓето кои што се занимаваат со тоа. Еве, ја користам и оваа прилика да им се заблагодарам на службите бидејќи со надчовечки напори успеваат да ја завршат работата. Со онаа опрема која ја имаат, со бројноста на компјутерите, квалитетот и воопшто софтверот навистина тие луѓе вложуваат надчовечки напори за да биде завршена работата и до некаде да може Собранието да функционира успешно. Во ерата на комуникациите, во ерата на потребните информации кои треба да ги имаме кои што ни се неопходни за успешна работа да се нема доволно слух и да не се прифати овој амандман, јас навистина не можам да разберам и така Владата има голем број на компјутери кои што им стојат неискористени таму во магацините со некоја друга, најверојатно се чека некоја предизборна кампања да се рекламираат и фотографираат пред нив сега повторно, а да не се дадат вакви средства за непречена работа на Собранието. Од тој аспект, очекувам дека сите потпишани колеги иако не се доволно, барем дел од нив ќе успеат да убедат уште по еден, двајца што седат до нив и дека Собранието овој пат ќе го покаже првиот чекор кон демократијата и ќе си го изгласа овој амандман кој што е толку важен за функционирањето на Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Процедурална интервенција има господинот Есад Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Благодарам претседателе.

Само една ургенција. Кога зборуваше господинот Џеват Адеми, преводот на македонски јазик многу слабо се слушаше. До техниката е. Малку да го појачаат сигналот за да можат граѓаните да слушнат што расправаат пратениците. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам на интервенцијата.

Ве молам превземете мерки да се појача сигналот на македонски јазик.

Има збор господинот Оливер Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер за финансии.

Ова е еден од неколкуте амандмани кои што се однесуваат на Собранието и ова е еден од амандманите кој што го потврдува она што го говоревме во општата расправа по Буџетот за 2008 година, дека единствено Собранието е институција на која што и е намален буџетот за 2008 година од она што беше во 2007 година по неколку ставки. Тоа се покажа и по амандманската расправа, неколку амандмани кои што се однесуваат на значајни функции за Собранието на Република Македонија бидат поднесени од страна на пратениците без при тоа да се делат дали се од позицијата, или од опозицијата, дали припаѓаат на една, или на друга политичка партија, едноставно сите проблеми ги чувствуваме заеднички. И ова е уште еднаш потврда за тоа дека оваа Влада нема слух да ја унапредува демократијата во Република Македонија, заради тоа што со начинот на кој што го покажува односот кон Собранието на Република Македонија во делот на обезбедување на финансиски средства дефинитивно не ја унапредува демократијата во Република Македонија, туку постојано сака да ни покаже дека некој располага со овие средства и само тој може да биде газда во Република Македонија.

Мислам дека и ние самите кога се однесува на одредени амандмани треба да бидеме многу посвесни за функционирањето на Парламентот за состојбата во која што се наоѓа, за угледот и дигнитетот кој што го имавме. И од тие причини навистина можам да бидам разочаран во делот кога не го прифативме амандманот кој што се однесуваше на парламентарната демократија. А сите заедно во еден глас, без разлика на политичката припадност говориме дека многу малку посветуваме внимание на парламентарната демократија пред се заради финансиски средства кои што се обезбедуваат. Ако знаеме дека функционирањето во Собранието на Република Македонија е отежнато пред се заради немањето на услови во делот на просторните услови, а сите други технички услови се на некое минимално ниво, тогаш навистина мислам дека ќе направевте добра работа со тоа што ќе го прифатевме овој амандман и немаше да разговараме за нешто што е една од потребите на Собранието најзначајни во овој момент. Заради тоа што, ако не можеме толку брзо и едноставно да решиме просторниот проблем во Собранието на Република Македонија па да можат пратениците да имаат сопствени простории во кои што можат да функционираат, би требало да им се овозможи на службите во Собранието на Република Македонија да имаат технички средства и опрема со кои ќе можат многу подобро да ги опслужуваат пратениците односно да ги остваруваат интересите на граѓаните преку одредени законски проекти, амандмани, итн. И сега тоа е многу отежнато заради застарената техника која што ја има во Собранието. Мислам дека овие средства кои што ги предлагаме од три милиони денари е да се заврши реализацијата на еден проект кој што беше започнат за воведувањето на Е-Парламентот, заради тоа што тоа ќе значи заштеда на хартија и заштеда на време и на достава до пратениците. Едноставно ќе можеме на многу побрз и ефикасен начин да ги добиваме материјалите кои што се доставуваат до Собранието и на тој начин да имаме многу повеќе време и за подготовка на самите седници, а воедно и службите ќе бидат многу повеќе подготвени, или во состојба да помогнат на сите пратеници. Заради тоа мислам дека не треба многу да се говори ако сите пратенички групи едногласно сме признале дека недостасуваат средства за функционирање на Собранието, да ги вложиме нашите напори овој амандман да биде прифатен и конечно во 2008 година да ја реализираме оваа наша замисла да се воведе проект кој што Владата на Република Македонија заради тоа што располага со средствата кои што ги гласа ова Собрание, тоа веќе го има пред неколку години. Мислам дека не е фер да не биде прифатен од страна на министерот и на Владата, воопшто пари кои што се однесуваат за обезбедување на елементарни услови за работа во Собранието. Останува тоа ние самите да го направиме и мислам дека ќе покажеме дека тоа можеме заедно да го направиме без разлика дали припаѓаме на позицијата или на опозицијата.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Претседателе, ќе бидам сосема краток. Господине министре, еве ја разликата меѓу вас и нас овде. Пред секој од нас има полн куп материјали. А вие си дојдовте со лап-топче и си работите по цел ден на него. Тоа е првата разлика. Второ, господине министре, зошто фрлате 500.000, 600.000 евра за кампања за Е-Македонија? Кога вие основните државни, највисоката државна институција според Устав не сакате да ја опремите електронски. Зошто ја лажете македонската јавност, ве прашувам? Овде не станува збор за Слободан Најдовски или за било кој од пратениците од парламентарното мнозинство. Овде се потпишани пратеници од сите парламентарни групи. Не бараат ништо лично за нив. Еве, јас ќе ви кажам лично имам лап-топ од Собранието. Не ми треба. Но, треба да дадеме подршка на Собранието. Или пак правите кампања за Е-Македонија исто како што правите за се кампања, само да лажете. Тоа не е коректно господине министре. Или пак потврдувате дефинитивно, правите кампањи само за да полните џебови на одредена агенција, а дека во стварност тоа не го спроведувате. Се прашувам, како може еден министер амандман потпишан од сите пратенички групи да не го прифати? Бидејќи овде еден кажа од колегите, министерот прифати некои од амандманите од пратениците и тоа прв пат се случувало. Не, господине министре. Секогаш министрите за финансии ги прифаќале во изминатите години амандманите потпишани од пратеници од сите пратенички групи. Еве, ќе ви кажам само претходно што го прифативте амандманот за студентите кои што волонтираат овде и помагаат во Парламентот секоја година се прифаќаше. Госпоѓа Марија Којзеклиска беше

иницијатор во претходните две години, сега некој друг е иницијатор. Истото е направено и од минатите министри за финансии. Јас би ве замолил, немојте да купувате лап-топови за пратениците бидејќи така го ширите во јавноста. Не, купете компјутери за овие луѓе овде, овој господин кој што седи овде и гледате како нон стоп му се јавуваат проблеми со компјутерскиот систем. Купете за тие луѓе кои што работат во службите и кои што еден на друг чекаат ред кој побрзо ќе заврши, кој комјутер е исправен, кој е неисправен. За нас пратениците немојте да купувате. Вие само да ни сте здрави и живи министрите, вие да си имате коли за вашите сопруги да ги возат, за вашите деца да ги носат во градинки, да ги враќаат, вие да си имате картички за во ресторани на име на Министерство. Вие за вас имајте, не мора за пратениците да има. Но, обезбедете ги службите. Ова го бараме за службите во Собранието на Република Македонија.

И во склад со вашата кампања за Е-Македонија прифатете го амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Објавувам пауза од еден час.

(Пауза од 14.00 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,35 часот).

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците кои не се влезени во салата да пвелат да влезат во салата да продолжиме со работа.

Ги повикувам уште еднаш пратениците кои се наоѓаат во Собранието да повелат да влезат во салата да продолжиме со работа.

Ги повикувам пратениците кои не се сеуште влезени во салата да повелат во салата.

Ги повикувам пратениците Сафет Незири и Славица Грковска, тие се пријавени за збор.

Продолжуваме со попладневниот дел од седницата.

Бидејќи господинот Сафет Незири и госпоѓа Грковска не се овде, а бидејќи поеќе нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ги повикувам службите за да достават точен број на присутни пратеници.

Пратениците уште еднаш ги повикувам да влезат во салата затоа што треба да гласаме.

Уште еднаш ги повикувам пратениците кои се во Собранието а не влегле во салата, да повелат да влезат во салата затоа што не чека гласање на амандманот.

Молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници во салата).

Бидејќи во салата имаме 61 пратеник, ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, за гласале 56, воздржан 1, против 5.

Процедурално збор бара господинот министер Славески.

**Трајко Славески:** Имавме извесни консултации, објаснувања и тн.

Амандманот е изгласан, тоа е ваше право.

Претставникот на Владата ги убедуваше пратеничките групи, дека според новиот Закон за јавни набавки, секој проект може да започне со реализација и без во моментот да се обезбедени средства.

Со оглед на тоа што амандманот е изгласан и се симнати средства од ставка за исплата на извршни судски решенија, во значителен износ, 500 илјади евра, што ја доведува во прашање оваа функција, јас се извинувам, но ќе побарам половина час пауза. Ќе морам претседателе да отидам во Владата да ја известам Владата на Република Македонија за ова, да видиме дали Владата ќе го прифати или ќе поднесе сопствен амандман.

(Џагор во салата).

**Љубиша Георгиевски:** Министерот побара прекин.

Господине министре, половина час? Колку побаравте пауза?

**Трјко Славески:** Половина час.

**Љубиша Георгиевски:** Половина час прекин на седницата.

(Седницата прекина во 15,45 часот)

(По прекинот на седницата, седницата продолжи со работа во 16,30 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците, да влезат во салата за да можеме да продолжиме со седницата.

**Бесим Догани:** Господине Кондарко, вие сигурно сте за процедурално, повелете.

Процедурално има господинот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Благодарам почитуван потпретседателе,

Пред оваа пауза, се случи уште едно големо омаловажување и понижување на Парламентот и на сите пратеници, од страна

на министерот за финансии господинот Трајко Славески.

После изгласувањето на амандманот кој се однесуваше за условите на работа во Собранието, кој го изгласаа сите пратеници од сите пратенички групи и од ВМРО-ДПМНЕ и од опозицијата, значи почитуван Цветко Гроздановски, не реагирајте од место, се извинувам господине Грозданов, не се расправајте со мене, седете на место, говорам во името на заштита на сите пратеници во овој Парламент. Од вашата Влада што ве омаловажува. И не се расправајте со мене од место, седете си таму.

**Бесим Догани:** Ве молам.

**Цветко Грозданов:** Ти ќе ми кажеш.

**Борис Кондарко:** Јас ќе ти кажам. Ве молам да ми обезбедите да говорам.

**Бесим Догани:** Повелете доискажете се, да видиме дали има процедурална врска ова што го кажувате. Повелете.

**Борис Кондарко:** Значи, господинот министер Славески кажа, дека после изгласувањето на амандманот во Собранието од страна на сите пратеници говорам, не од опозицијата, на пратеници од сите пратенички групи. Дека сака да оди во Владата да се консултира дали Владат аи премиерот ќе се согласеле со тоа. Не можете Владата да ја ставате над Парламентот. Не можете да ги жртвувате и сопствените пратеници во тој ваш однос и затоа барам да се извините на сите пратеници на Паралментот. Не можете да барате одговорност од пратениците кога Валдата се обидува по секојоснов да го контролира Парламентот.

**Бесим Догани:** Ве молам господине Кондарко во делот кога кажувате дека министерот побарал пауза, во ред е, кажавте зошто побарал.

**Борис Кондарко:** Не може министер ни по Деловник да побара пауза. Кој е министерот? Откаоко ќе изгласа Собранието по Деловникот нема што министерот да оди во Владата да се консултира. Нема што Валдата да потврдува дали се согласува или не. Која е Владата да му кажува на Собранието да гласа.

**Бесим Догани:** Ве молам, ќе има време за маркетинг.

**Борис Кондарко:** Не е ова маркетинг. Ние се бориме против маркетингот на Владата за достоинството на сите пратеници и институцијата Собрание. Да се почитува Уставот и уставната положба на институциите.

**Бесим Догани:** Ви благодарам .

**Борис Кондарко:** Ви благодарам и вам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам .

Ве молам, господа да не правиме маркетинг. Тоа што министерот барал пауза е негово право, бидејки тоа е дел од процедурата, дел од работата и тој исто го има правото за консултации со Валдата, бидејки е претставник на Владата во процедурата и тука нема ништо спорно. Би ве замолил да не зборуваме по оваа тема, туку да продолжиме по претресот по амандманот. Јас ви сугерирам да не зборуваме бидјеки веќе е разјаснето дека министерот има право да земе пауза, ако ви беше тоа целта на вашето процедурално.

Госпоѓа Бендевска вие сте пријавени за процедурално. Повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе,

Јас ќе цитирам по кој член од Деловникот е мојата процедурална забелешка, но жал ми е што го заменивте претседателот на Собранието. Претпоставувам дека тоа е една од причините заради која тој ја напушти оваа седница.

Сакав да го прашам претседателот зошто си дозволи да работи спротивно на одредбите од член 56 во Деловникот, кој говорат дека тој е единствено задолжен за текот на седница. Но сакам да говорам и по členовите 184, 185 и 186 согласно кои, Собранието го донесува Буџетот на Република Македонија, а не премиерот Никола Груевски. Претставникот на Владата ни поднесува предлог. Ние тука расправаме, ние ги гласаме амандманите кои стануваат по изгласувањето составен дел. И ќе ве замолам во име на тоа да го корегирате претставникот на Владата да не дојде до тоа да слушаме објаснување дека сме ги нарушиле 500-тините милијони кои ги предвидел токму од ставката од кои се трошат на плаќање на тешко сакпите медиумски пропаганди. 30 милиони денари заслужува ова Собрание. Ако веќе во 2005 година некој претходен состав се изјаснил за Е Парламент, Е Собрание на Република Македонија, ниту еден господин Славески, најмалку некој Никола Груевски има право да дава свое мислење. Не трошимение тука пари на Владата, распределуваме начин на користење на средства на граѓаните на Република Македонија. Би благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Бендевска.

Во ред е не гледам ништоспорно. Значи, Собранието одлучило да си додели 30 милиони, министерот укажал дека тоа му ги попречи некои планови и тука нема ништо лошо. Тоа е дел на дискусијата, затоа е и Парламентот.

Министерот за финансии има процедурално, повелете.

**Трајко Славески:** Како сакате кажете, реплика или збор. Дали гостите во вооj Парламент имаат право на збор прашувам?

**Бесим Догани:** Господине министре, јас сум тој кој што давам збор. Повелете.

(Реакции од господинот Кондарко од место).

Господине Кондарко или не разбирате македонски, или не слушате добро. Јас реков министре, јас сум тој што давам збор.

**Борис Кондарко:** Реплика или збор?

**Трајко Славески:** Ова е реплика.

**Бесим Догани:** Господине Кондарко ве молам, не му се обраќајте. Господине Кондарко ве молам, стрпете се, однесувајте се добро. Министерот има збор. Вие ќе чекате ред. Така е.

Повелете господине министре.

**Трајко Славески:** Ова ја преминува секоја граница. И гостите во овој Парламент имаат некои права. Имаат право да го чуваат своето достоинство. Јас не го прифаќам ваквото однесување на дел од опозицијата спрема министерот за финансии,како претставник на Владата. И ќе се борампротив тоа. Овде нема, барем тоа е моето разбирање, нема гости, нема домаќини. Ова е дом на сите граѓани на Република Македонија. Ние треба да расправаме во нивно име. Јас како претставник на Владата почувствував дека има реален проблем. Дека се одзедоа средства предвидени за функционирање на државата Република Македонија воодредени домени. Почувствував одговорност дека државата Република Македонија од 1 јануари ќе се соочи со сериозен проблем, затоа што македонскиот Парламент изгласа така како што изгласа и тука не го спорам тоа право. Ако го погледнете Делловникот, или јас така го разбирам, дека Валдата на Република Македонија во секој момент може да поднесе амандмани на Предлог на Буџетот. Владата на Република Македонија заседава и седницата ќе потрае. Што ќе одлучи, тоа е друга работа. Јас предложив тука во разговорот со претседателот на Парламентот да продолжи седницата без некој тука да навредува некого и да ја користи говорницата за политички маркетинг.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине министре.

Реплика има господинот Кондарко. Или има процедурално.

Грозданов Цветко има процедурално. Повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам почитуван потпретседателе, забелешката се однесува до вас, затоа што ќе кажам дека по членот 87 говорникот е должен во својот говор да го почитува достоинството на Собранието. Не го спречивте претходниот дискутант, господинот Кондарко да изнесува невистини инсинуации и лаги, затоа што тој може да каже за неговата пратеничка група, а не може да се повикува на пратениците на Собранието на Република Македонија според тоа, моето достоинство тука сметам дека лошо го интерпретира поточно ме инволвира во некои нечисти работи.

За вториот дел, кој што сакам да напомнам, не можете да спомнувате и да зборувате за некој што се вика Е општество, затоа што вие бевте и против Министерство за инфорамтика, затоа што вие бевте и против компјутерите во образованието, затоа што вие бевте и против ваучерите за студентите. И вие ли најдовте сега да зборувате за Е општество. Ова беше господине потпретседателе и уште еднаш би апелирал до вас да се смират страстите да се прекине со маркетиншки потези, затоа што денеска треба да го носиме Предлог Буџетот и да работиме по точката на дневен ред која што ни е дадена. Министерот побара пауза, имаправо на пауза можеби од протоколарни обврски. Може да се прекине Собранието во работа. Тоа не значи дека не може да има право на некои консултации. Така што не знам од каде господинот Кондарко си зема за право да се меша и кај министерот, па дури и да ми укажува мене од овде, дали јас ќе седам на место или не. Да, ќе ме прашаш мене. Значи, господине потпретседателе, уште еднаш, ќе замолам по членот 87 да се држиме до дигнитетот на Собранието да бидеме по точката на дневен ред и да бидеме инспиративни по она што следи.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Грозданов. Јас не знам колку вие сте свесни, колку гледате, јас се обидувам секој пратеник да го смирам што е можно повеќе и да му укажам каде е во право, каде е во грешка. Јас и на господинот Кондарко му

кажав, и на вас викажав, но јас не можам да ве натерам вас 120 пратеници да ве научам како треба да се однесувате. Не можам јас да прекинувам. Јас ви укажав да не правиме маркетинг да се повлечат сите по процедурална основа дискутанти и да продолжиме со Буџетот. Единствено што јас можам да направам во вакви моменти е да ја прекинам седницата за неколку минути, што не е добро за процесот кој го водиме. Јас не можам ни да ве надгласувам, ни физички да се пресметувам со вас. Јас можам само убаво да ве замолам да се однесувате како треба од сите страни. Повторно зависи од вас како ќе се заврши работата.

Процедурално Силвана Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Почитуван потпретседателе, јас би сакала да продолжам во контекст на вашето укажување да ги замолам колегите рпатеници да го зачуваме дигнитетот на Собранието, да престанеме со дискусии кои што не му одат во прилог на никому од нас. Право си е на Собранието на Република Македонија да оцени дали некој амандман ќе го прифати, или не, а право е на министерот за финансии и обврска, ако има пореметување одредено во ставките на Буџетот во консултации со Владата да изнајде начин конкретно за оваа ставка како да се најдат средства, да се надополни оваа ставка, за да може да се исплаќаат судските решенија што ќе стигаат на сметка на државата Република Македонија. Тоа треба да го разберат сите пратеници. Да престанеме со меѓусебно препукување и да продолжиме со она што ни е на дневен ред денес, бидејки имаме многу амандмани пред нас и ценам дека непотребно се трошиме сите да продолжиме во конструктивна атмосфера како што беше пред малку. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Бонева.

Дали има уште некој процедурално.

Господине Оливер Шамбевски, повелете.

**Оливер Шамбевски:** Благодарма потпретседателе, многу кратко само ќе укажамна членот 216 став 2 во кој што е дефинирана улогата на претставнциите на Валдата, каде што точно се вели дека тие ги изнесуваат ставовите на Владата пред Собранието и ги бранат истите и ако на министерот му беше потребна дополнителна консултација за ставот на Владата по новонастанатата ситуација, апсолутно и сосема легитимно е да се побара пауза. Така што навистина мислам дека тука треба да ја прекинеме оваа дискусија и да продолжиме натаму со работа по Буџетот, бидјеки навистина, во овој дел немаше ништо спорно овде. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Шамбевски.

Господине Кондарко сега е вашиот ред за реплика на зборот на министерот, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарма почитуван потпретседателе,

Почитуван министре, јас како што кажавте прво не навредив никого. Јас реагирав на вашето против уставно однесување овде во Парлаемнтот како министер, не како гостин, затоа што мислам дека сте лош министер, се ставата над Парламентот. Парламентот е тој кој го има последниот збор, во носењето, во гласањето на амандманите и на Буџетот. Не ги носи Владата. Затоа реагирав дека го навредувате Парламентот, го омаловажувате и немавте такво право да одите на консултации во Владата, дали Валдата ќе се согласи со нешто што е веќе изгласано во Парламентот. Цело време на тоа сакав да ви укажам. И немојте да ги изместувате работите, затоа што ако бевте доследен после паузата, требаше да се јавите за збор и да дадете отчет, затоа што вие тоа го рековте. Вие ја побаравте паузата и покрај тоа што процедурално немате на тоа право. Затоа господине министре Парламентот воопштоне го интересира дали на вас или на Груевски ви се пореметиле ставките во Буџетот. Значи, од еден амандман нема да ви пропадне ни Владата ни државата. Меѓутоа,морате да се научите да не барате дежурен виновник во Парламентот, да не не малтретирате, да не се изживувате со пратениците, Јас затоа и забележав на реакциите на пратениците од ВМРО-ДПМНЕ.

Затоа што оваа интервенција е за заштита на достоинството и на институцијата и на сите колеги пратеници, без разлика од која политичка партија доаѓаат. Оваа ваша пропаганда што ја прави премиерот дека Парламентот е дежурен виновник, вие на дело покажувате дека влегувате во тој филм на рушење на институцијата, на непочитување на институцијата и покажувате дека се во оваа држава зависи од премиерот лично и од Владата. Тоа не е во ред и таа пракса мора да престане, почитуван министер.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Кондарко. Ќе ве замолам во иднина да не користите зборови како “изживување” итн. Јас разбирам дека вие имате легитимно право и

политички маркетинг да направите и се, но само без навреди и инсинуативни обраќања.

Реплика има госпоѓа Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседстеле.

Јас сакам да дебатирам со претставникот на Владата господинот Славески во врска со неговите наводи дека со прифаќањето на претходниот амандман од страна на Собранeто на Република Македонија се пореметиле некои од ставките предвидени во нивниот Предлог буџет за 2008 година. Господине Славески, со ваш потпис и печат добив одговор на моето пратеничко прашање, колку чини кампањата за заедничко добро и од кој буџетска ставка е платена? Вие со вашиот потпис тврдите дека 24 милиони и 108 илјади денари се платени од раздел 09002 Министерство за финансии, функции на државата. Подпрограма 20 ставка 464 разни трансфери. Во Предлог буџетот имате предвидено да потрошите 500-тини милиони денари. Со прифаќањето на амандманот 30 милиони денари изгубивте од таа ставка. 30 милиони денари чинеше и кампањата: за наше заедничко добро. Што толку се случи, какво пореметување во Предлог буџетот со прифаќањето на амандманот 30-тина милиони денари да бидат издвоени за изработка и набавка на хардвер и софтвер за Е Парламент во Република Македонија. Токму за тоа сакам да дебатирам и тоа е материјална расправа. Но, сакам и да објасните што значи, на какви консултации отидовте? Да спреми Владата нов амандман со кој ќе го врати веќе усвоениот амандман од страна на Собранието. Повторно на буџетската ставка 464? Значи комплетно планирате 500 милиони денари во 2008 година да ги плаќате кампањите, а не извршните судски решенија, како што тврдеше колеката Бонева. Говорам за ставки. И конечно за ваше тврдење од каде се плаќаат владините медиумски кампањи? Токму од оваа ставка. Затоа ве молам, и ние, а и јавноста заслужуваме вистински прав и конкретен одговор, дали 30 милиони денари што ги изгубивте од ставката за владините кампањи толку многу ви значат за да може Владата во овој момент да поднесе нов амандман со кој дефакто ќе го поништи усвојувањето на амандманот од страна на Собранието на Република Македонија.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Бендевска.

Продолжуваме со амандманска расправа. Отворам претрес по амандманот на раздел 04001 програма 3, подпрограма 30 ставка 464 и раздел 04001 програма Д, подпрограма Д4, ставка 425, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Влатко Серафимов, Верица Филипова, Весна Бендевска, Игор Ивановски, Борис Кондарко, Цветанка Иванова, Тале Герамитчиоски, Оливер Спасовски, Ацо Киров, Благородна Цветковска и Никола Рилкоски под архивски број 07-4819/169.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор госпоѓица Славица Гркоска.

**Славица Грковска:** Почитуван потпретседателе, колешки и колеги пратеници,

Јас сум навистина изненадена со неприфаќањето на оваа така да ја наречам, симболична сума која што многу ќе придонесе за обезбедување за надградба на софтверската апликација, услуги точка ком. точка мк. Во средина на кампањата која што ја промовира Владата на Република Македонија за Е Влада и промоција на електронските услуги во државата. Значи, од една страна имаме кампања која што Владата ја спроведува за таа намена а од друга страна Владата не сака да прифати амандман за средства кои што во многу ќе придонесат за надградба на софтверска апликација за користење токму за оваа намена. Јас заради тоа единствено што можам да заклучам е она што е евидентно, дека кампањите се само проформа, дека кампањите се организираат само за параван, кампањите се организираат само за да може да има некој лична финансиска корист, дали во Владата или некој што е близок до Владата, па после уделот лесно се договара. Значи, дека кампањите се користат за класично перење на пари. Се надевам дека Дирекцијата за перење на пари согласно своите надлежности ќе го провери начинот на кој што се доделуваат и каде одат средствата кои што се плаќаат од овие кампањи. Ваквиот однос ми дава за право тоа да го констатирам по веќе не знам кој пат, заради тоа што политиката и потезите кои што оваа Влада ги прави единствено одат во таа насока и нас не ни преостанува ништо друго, туку да го заклучиме тоа дека имаме енормен број на кампањи кои што немаат искрена

крајна цел, кои што се само параван зад кој што се крие криминалот кој што го прави Владата, зад кој што се крие недомакинско трошење на пари на граѓаните, зад кој што се крие голема злоупотреба на парите на граѓаните кои што го полнат бу џетот на Република Македонија. Буџетот на Република Македонија се полни од парите на граѓаните не за некој да има лична финансиска корист од бесполезни кампањи, туку за напредок на одредени структури во кои што Владата е должна да ги инвестира за да ги поч увствуваат бенефитите граѓаните на Република Македонија. Тоа е крајно несериозно однесување. Јас апелирам на Парламентарното мнозинство да го прифати овој амандман заради тоа што станува збор за 10 милиони , заради тоа што потпрограмата од која што се земаат, а тоа е економска промоција на Владата на Република Македонија, нема да претрпи голем потрес со одземање на овие средства, заради тоа што и остануваат премногу средства на оваа ставка која што Владата може да ја користи во кампањи кои што се прават без никаква претходна анализа, без никаква цел. Никој не го гледа ефектот од кампањите, ниту пак се врши некаква проценка во даден момент која кампања е потребна да се направи. Значи, тоа што го покажува овој потег уште еднаш е, дека на Владата и е единствено важно за ставката за економска промоција на Владата да има колку е можно повеќе средства за да има доволно средства кои што ќе бидат злоупотребувани во име на народот.

**Бесим Догани:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 13 гласаа за, 1 воздржано, против 48.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 04007 програма 2, подпрограма 20 ставка 421и раздел 05001 програма 1, подпрограма 10, ставка 421, поднесен од пратеникот Абдулади Вејсели под архивски број 07-4819/67.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифаќа амандманот.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 10 гласаа за, 2 воздржано, против 45.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Почитувани дами и господа пратеници, сакам да ве известам дека согласно договорот ќе работиме до 21,00 часот.

Процедурално има Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Почитуван потпретседателе, и покрај тоа што истото се случуваше претходните денови, јас сериозно се противам на кршење на Деловникот заради тоа што и покрај тоа што договорот е направен, тоа не значи дека одлука донело Собранието. Ние согласно Деловникот сме обврзани да донесеме одлука за да работиме после 18,00 часот. Затоа јас барам Собранието да донесе одлука денеска да работиме по 18,00 часот а до 21 часот, согласно договорот направен на координација.

**Бесим Догани:** На Собранието му предлагам да работиме до 21,00 часот.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 63 присутни пратеници гласаа 57, за гласаа 54, воздржани нема, против 3.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот да се работи до 21,00 часот.

Ви благодарам.

Отворам претрес по амандманот на раздел 04007 програма 2, подпрограма 20 ставка 423 и раздел 05001 програма 1, подпрограма 10, ставка 423, поднесен од пратеникот Абдулади Вејсели под архивски број 07-4819/66.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифаќа амандманот.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, 10 гласаа за, 5 воздржано, против 40.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 04007 програма 2, подпрограма 20 ставка 424 и раздел 05001 програма 1, подпрограма 10, ставка 424, поднесен од пратеникот Абдулади Вејсели под архивски број 07-4819/65.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифаќа амандманот.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеници, 9 гласаа за, 3 воздржано, против 41.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 04007 програма 2, подпрограма 20 ставка 425 и раздел 05001 програма 1, подпрограма 10, ставка 424, поднесен од пратеникот Абдулади Вејсели под архивски број 07-4819/64.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 10 гласаа за, 3 воздржано, против 45.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 05001 програма 2, подпрограма 23 ставка 483 и раздел 05001 програма 1, подпрограма 13 ставка 483, поднесен од пратениците Весна Бендевска, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Тале Герамитчиоски, Оливер Спасовски, Верица Филипова, Влатко Серафимов и Цветанка Иванова под архивски број 07-4819/205.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Трајко Славески:** Благодарам потпретседателе. Пратениците што го потпишале и поднеле овој амандман предлагаат извесен прераспоред на средства во Минситерството за одбрана во разделот набавка на мебел, возила, опрема и машини. Мислам дека постои мало недоразбирање затоа што повторно се предлага пренамена на средства во истата ставка. Министерството за одбрана во своите програми знае како да ги искористи планираните средства и нема потреба од овој амандман.

Владата не го прифаќа амандманот.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине министер.

Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Оливер Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер, мислам дека дадовте многу подобри образложенија за амандмани кои што ги прифаќавте поднесени од НДИ, и искрено се надевав дека такви ќе бидат и образложенијата за амандманите кои што ќе ги одбивате пред Собранието. Мислам дека со овој и со неколку други амандмани покажавте дека немате многу аргументи врз основа на кои што ги одбивате овие амандмани, освен тоа што така го имате договорено како некаква политика која што ја води Владата. Зошто сметаме дека финансиските средства кои што се предвидени во Министерството за одбрана сега во моментот не се соодветно, или не можат да бидат соодветно искористени пред се во периодот кога Република Македонија ја очекува поканата за членство во НАТО.

Прво, во Министерството за одбрана каде што е ставено дека ставката 483 купување на мебел, опрема, возила и машини износот е 70 милиони денари, тоа е спротивно на политиката која што оваа Влада ја промовираше, или политиката која што премиерот ја најави во сопственото експозе дека токму во овој дел министерствата и државните органи ќе настојуваат да одат со ставка нула, заради тоа што навистина нема потреба да се купуваат мебел, опрема, возила и машини за министерствата во овој момент. Меѓутоа, и те како има потреба овие средства да бидат наменски искористени во Армијата на Република Македонија. Заради тоа предлагаме со амандманот 70 милиони денари од ставката која што е за Министерството за одбрана да преминат и да бидат искористени за купување на мебел,

опрема, возила и машини во Армијата на Република Македонија.

Тоа ќе го поткрепиме со следниот аргумент и факт, за кој што мислам дека треба да биде прифатлив за секого во Владата на Република Македонија, посебново овој стратешки значаен период за нашата држава, кога и очекуваме да добиеме покана за НАТО. Ни се случува со неколку ротации на мисиите што ги има Република Македонија со припадници на АРМ во сите меѓународни мисии на кои сите ние дававме подршка едногласна во Собранието, за кои што сите укажуваме дека се наша гордост и сите заедно придонесоа многу повеќе да бидеме на меѓународен план како Република Македонија во одбранбениот дел етаблирани до степен да имаме, во нас навистина да гледаат сериозен партнер и иден член на НАТО - алијансата, не можеме да дозволиме да одредени ротации не можат да се остварат со припадници на Армијата на Република Македонија или тоа се направи многу тешко заради немање на опрема на Армијата на Република Македонија.

Тоа ни се случи со мисиите и во Авганистан и во Ирак и во Босна. Посебно во оваа мисијата што беше во Авганистан и Ирак каде што мораа да интервенираат членовите на НАТО-алијансата или нашите партнери под чие покровителство идеме во овие мисии.

Мислам дека е недопуштено, заради неспособноста на министерот за одбрана, кој што не знаеше на соодветен начин да ги употреби финансиските средства во ова Министерство и неговите капитални расходи да ги зголемите со самото тоа што ќе му го одземете нивото на средства кое што беше во Министерството за оваа намена, а во исто време да ги оставаме припадниците на Армија на Република Македонија без опрема со што се доведува во прашање не само во функционирање внатре во Република Македонија туку и функционирање во мисиите кои што ги превземавме како обвска спрема НАТО-алијансата. Од тие причини сметавме дека многу пари се потребни во Армијата на Република Македонија отколку во Министерството за одбрана за купување на мебел, заради тоа што мебелот, убавите кабиниети, опреми и добри возила во кои што ќе се возат државните советници и министри, заменици, согласно одлуките кои ги носите на Владата, нема да не приближат чекор напред до НАТО-алијансата. Меѓутоа, ако имаме добро опремена Армија, Армија со таквата опрема ќе учрствува во меѓународни мисии, ќе биде се повеќе во служба на партнерите на НАТО-алијансата, ќе направи голем исчекор кон нашето приближување и сигурно ќе биде еден голем поен плус за Република Македонија пред претстојниот самит во Букурешт.

Од тие причини, заради моментот во кој се наоѓа нашата држава, заради нашите аспирации за членство во НАТО, пратениците од парламентарното мнозинство да го подржиме овој амандман и да овозможиме поголеми финансиски средства што би се употребиле за опремување на Армијата на Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Спасовски.

Збор има госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Почитувани пратеници, со овој амандман на дел од пратениците на СДС, бараме 70 милиони денари да се префрлат од Министерството за одбрана во Армијата на Република Македонија. Односно, од ставката мебел, опрема, возила и машини од Министерството за одбрана да се префлат во ставката мебел, опрема, возила и машини за модернизација на АРМ.

Цел на овој наш амандман е клучната година, клучните три-четири месеци во кој ни претстои максимално залагање на сите чинители во Република Македонија и да придонесеме кој колку може за интеграцијата на Република Македонија во НАТО.

Почитувани присутни,

Сакам да потсетам на неформалната вечера во Брисел на претседателите на народните конзервативни партии, каде, кој колку е запознат, беа присутни Баросо, Саркози, Меркел, Јанша, Санадер, Бериша, Карамнлис, нашиот премиер Никола Груевски и каде било заклучено и било ветено од страна на нашиот премиер дека ќе направи дополнителни напори за решавање на спорот со името, се заради прием во НАТО. Значи, ќе направи отстапки во името за да не примат во НАТО, а не можеме да префрлиме дополнителни средства од Министерството за одбрана во АРМ.

Да потсетам уште нешто, само пред две недели во ова Собрание, во одлуката за пренамена на буџетски средства од Буџетот за 2007година, повторно беа одземени 10 милиона евра, односо околу 116 милиони денари од Министерството за одбрана,

поточно од АРМ и тие средства беа префрлени во Министерството за внатрешни работи. А, понатамошниот филм што следувам, сите знаеме дека се уште немаме информација Министерството за внатрешни работи за каква опрема ќе ги поторши тие 10 милиони евра.

Што сакам да кажам понатаму. Ако приоритетни цели на Министерството за одбрана за 2008 година како што сте напишале се активностите што ќе бидат насочени кон исполнување на условите за покана за членство во НАТО - алијансата, учество во меѓународни мисии и хуманитарни организации во странство, опремување на АРМ според долгорочниот план за опремување, обука на декларираните сили за мировни мисии, согласно партнерски цели, продолжување на трансформацијата на Министерството за одбрана и АРМ според долгорочниот план за периодто 2008-2018 година итн, не ми е јасно зошто толкави средства предвидувате за купување мебел во Министерството за одбрана, наместо средствата да одат за опремување и модернизација на АРМ.

Во потпрограмата 2 во Буџетот, во која сакаме и бараме да се префрлат тие средства пишува дека оваа програма ги опфаќа активностите на АРМ за реализација на плановите за 2008 година и постигнување на целите за постигнување на НАТО-стандардите како предуслов за евроатланска интеграција на Република Македонија. Е, па, дајте да ги подобриме условите и предусловите за евроатланска интегрција на Република Македонија. Дајдте, повторно да не скратуваме средства во АРМ за сметка на купување мебел во Министерството за одбрана.

Прашањето што го упатувам до претставниците на Министерството за одбрана, а што можевме да го прочитаме деновиве е дали мебелот ќе биде од домашно произвоство. Сигурно нема да биде од домашно производство. Сигурно дека ќе се работи за најскап мебел од некој странски производител, наместо да отидат, како што бараме во амандманот, да отидат во АРМ.

Знаеме што направи оваа Влада во поглед на тенденцијата за НАТО интеграции на Република Македонија. Знаеме дека многу работи не се исполнети. Да спомнам овде: договорот со ДУИ со Ахмети, до каде е работата; да спомнам за лошата кохабитација меѓу премиерот и претседателот. И тоа беше услов за интеграција во НАТО. Да спомнам за соработката со опозицијат. И тоа беше услов за интеграција со НАТО. Да го спомнам проблемот со Косово. Да потсетам и на амбасадорот Јолевски кој беше или бил кум на аеродромот "Александар Велики". Повторно голем проблем околу интеграцијата на Република Македонија во НАТО.

Сето тоа е контра продуктивно на она што претходната Влада го направи, на она што го доби Владата на Никола Груевски на послужавник, одработена интеграција на Република Македонија со НАТО. И сега, на секој начин се трудите да ги намалите средствата за доопремување на АРМ, намсто средства од 70 милиони денари за купување на мебел во Министерството за одбрана, со амандманот бараме средствата да се префрлат во АРМ.

Не сакам да се повторуваме со претходниот образлагач на амандманот, со колегата Оливер Спасовски, кој потсетуваше за ветувањето на премиерот при експозето, при формирањето на Владата дека нема да се трошат средства за набавка на возила и мебел, туку ќе се трошеле за развој на економијата. Сигурно мислеше уште повеќе за интеграцијата на Република Македонија во НАТО.

Поради тоа апелирам на присутните пратеници да го изгласаат овој амандман, да гласаат за и покрај тоа што претставникот на Владата, министерот Славески се изјасни дека Владата не го прифаќа амандманот. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Филипова.

Господинот Александар Николовски се јави за реплика, повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам потпретседателе.

Мојата реплика е во насока на апел кој што сакам да го упатам и до колешката и до останатите колеги пратеници, да не ја злоупотребуваме говорницата за невистини, за политички дебати, затоа што денес говориме за Буџетот, а не за евроатланските интеграции на Република Македонија.

Од она што беше спомнато, факт е дека има многу инсинуации многу неточности. Јас само сака да кажа една работа дека Република Македонија и раководството на Република Македонија, сите највисоки структури имаат единствен став по однос на прашањето по името, а тоа е дека стоиме до уствното има и дека никакви промени не се дозволени.

Сметам дека сето друго е обид за лов на ситни политички поени што се апсолутно проблематични на овој начин.

Да се тврди дека на состанок на ИПП на Европската народна партија се донеле заклучоци на кој премиерот ветил дека ќе биде променето името е апсолутно штетно за самата Република Македонија и за позицијата на Република Македонија воопшто, заради тоа што тоа се кажува во највисокиот законодавен дом во Република Македонија. Тоа се ставови на пратеници што се пренесуваат, што ги гледа светската јавност и за кои не цени.

Таков документ нема и јас ја повикувам колешката доколку има да ни го покаже. Таков документ нема заради тоа што прво ИПП не носи такви одлуки и второ дури и да носи Никола Груевски нема никогаш да се согласи, како што и никој еден жив политичар од ВМРО-ДПМНЕ нема да се согласи. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Николовски.

Контра реплика има Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Мојата потполна дискусија беше околу амандманот и околу приемот на Република Македонија во НАТО.

Тоа што, веројатно вас ве заболе е интервјуто што можеше целата македонска јавност да го слушне и кажувањето на премиерот на Република Хрватска Иво Санадер кој рече, цитирам: “Никола Груевски вети дополнителни напори за решавање за спорот со името”. Јас тоа и го кажав, јас ништо не измислував колега.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Филипова.

Збор има господинот Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Сакам да кажам неколку збора за амандманот, меѓутоа пред да преминам на тоа господин Николовски дали уште се сеќавате на вашата опозициска иницијатива да распишете референдум дека нема да се промени името. Откако дојдовте на власт, иницијативата ја немате, а имате 61 пратеник. Фактот дека таа иницијатива за референдум не ја потхранувате, туку ја молчите, потхранува некои други мислења. Затоа што во опозиција се зборува едно, на власт се зборува друго.

Господине министер, сега расправаме за Буџетот на Министерството за одбрана. На неколку пати го поткренувам прашањето, никој не одговара, сега ќе одговорам сам, затоа што конечно ги добивме податоците.

Проектираниот БДП за идната година, по тековни цени е 364,5 милијарди денари, според вашата документација што сте ја доставиле овде со истите номинални вредности проектирани од Буџетот за Министерството за одбрана е 7,85 милијарди денари. Или во проценти 2,15% од БДП што отстапува за 0,15% од сумата што вашиот колега министер за одбрана, само пред 10 дена ја спомна овде, кога зборуваше за странските мисии: Господин Поповски немојте дас се секирате, кога ќе дојде Буџетот ќе разговараме, стапката од 2,3 ќе биде исполнета. 0,15% од БДП се сериозна сума на пари што недостасува на Министерството за одбрана. И сега јас би сакал да ми кажете како Влада од ки причини стапката на финансирање на Министерството за одбрана е спуштена во 2007 и континуирано во 2008 година?

Исто така, сакам да ве потсетам, тука на неколку пати изнесувавте неточни податоци што сега веќе излегуваат на површина.

Само да кажам дека во вашето воведно излагање како и пред 6 месеци се фалевте дека БДП ќе порасне за 7%. Знаете дека денеска Статистика денеска ги објави податоците. Тие 7,0 се стопија на 6,8 конечно. Вториот квартал е 4,2 и третиот квартал што денеска се објави е повторно 4,2. Наспорти вашето излагање овде дека ќе имаме раст од 6% на економијата во оваа година и ќе влеземе со 6% во наредната, оваа година два квартали по ред или половина година ние сме со стапка од 4,2 според вашите податоци.

Конечно, вие ни соопштивте овде дека покриеноста на девизните резерви на увозот на Република Македонија е 4,2 месеци, за што водевме полемика. Само да ве потсетам, или да ви кажам, ако сте цел ден овде зафатен и не сте виновен и вашиот и нашиот колега Петар Гошев денеска во својство на гувернер на Народната банка одржа прес-конференција. На страницата на МИА и на вестите е тоа веќе пренесено. Кажа дека степеност на покриеност на увозот на Република Македонија со девизи во овој момент е 3,8 месечно покритие и дека вие изнесувате континуирано...

**Бесим Догани:** Господине Поповски се извинувам, но вие ќе мора да зборувате по амандманот. Ова не е општа расправа.

**Никола Поповски:** Само споредувам дека не само кај Министерството за одбрана, што бевме дезинформирани од министерот за одбрана, туку еве продолжуваат дезинформациите. Стапката на раст е на 4,2 во 3 последователни 6 месеци во Република Македонија, од март до октомври, 6 месеци. 4,2, а вие ни кажавте 6. Ни кажавте дека 4,2 е покритието на месеци во увоз на девизни резерви, денеска гувернерот кој е согласно законот единствено компетентен да соопшти, соопшти 3,8. Значи, нам и девизните резерви ни клизат надолу. Меѓутоа, очигледно дека овде недостасува дебатата да се споредуваат фактите што се изнесени. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам и јас гоподине Поповски.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го затворам претресто по амандманот.

Ги повикувам пратениците кои се надвор од салата, да влезат во салата ќе гласаме по амандманот

Бидејќи во салата има доволен број на пратеници, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, од нив за гласале 17 пратеници, воздржани нема, против гласале 50.

Констатирама дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 05001, Програма 5, Потпрограма 5-Б, ставка 482 и на раздел 09002, Програма 2, Потпрограма 20, ставка 482, поднесен од пратеникот Есад Рахиќ под архивски број 07-4819/43.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам господине потпретседателе, амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандман.

Има збор господинот Есад Рахиќ, повелете.

**Есад Рахиќ:** Благодарам потпретседателе, почитуван министре, драги колеги пратеници,

Ретко се согласувам околу бројките со господинот Никола Поповски, но ќе морам да се согласам, затоа што една од причините и условите поради кои бараме прием во НАТО, со што се фалиме е нашето издвојување од 2,3 од БДП во рамките на одбраната.

Несериозно ќе биде, ова од оваа говорница што го кажа и мојот претседател на Комисијата за безбедност, господинот Ѓорчев дека Македонија е една од државите која што од општествениот производ издвојува намногу за одбраната.

Јас сум сигурен дека во април во Букурешт претседателот на државата, премиерот и министерот за одбрана ќе отворат шампањско, затоа што ќе добиеме покана за членство во НАТО. Само да ви кажам дека таа заслуга ја немаме ние, туку ја имаат нашите војници. За ваша информација нашите војници не се само во Авганистан и Ирак и секаде каде што се за чување на објекти, туку учествуваат во сите операции и како такви ја заслужуваме и поканата. Меѓутоа, со членството во НАТО, покрај правата има и голем дел на обврски. Можете ли да го замолите идниот кандидат за градоначалник на Охрид да се смири малку.

**Бесим Догани:** Ве молам господине Рахиќ не им се обраќајте на пратениците.

**Есад Рахиќ:** Имам температура, можам да излезам и да нема кворум и да немаме работа. Ние работиме 20-ти ден и го малтретираме министерот и сите нас. Треба да бидеме ефектни во работењето. Не е за кикотење сега.

Значи, војниците, офицерите со мали плати, без решено станбено прашање, не се дел од стандардите на НАТО. Затоа, гледајќи ги композицијата на распоредот на трошењето на парите, гледам дека има за градежни објекти, за мебел, за коли и друго, јас би рекол купување на опрема за Армијата е многу битно, меѓутоа, дел од стандардите за војската, офицерите, подофицерите, помалите офицери и војниците да им се помогне и да го решат станбеното прашање. Сега се поставува праање она што го рекоа и претходните дискутанти. Добро е што што е буџетот на Армијата зголемен за од прилика 15%, гледајќи ги апсолутно бројките во Буџетот, меѓутоа, во овој сегмент не гледам дека е денар издвоено. Сметам дека треба малку повеќе храброст министерот за одбрана да покаже, да проба на овие наши војници и офицери кои што дефинитивно ја заслужуваат довербата што ја имаат да издвојат пари, за да почне да се решава нивниот проблем. Имате полковници, потполковници, мајори, капитани, кои што уште живеат под кирија. Сметам дека ако оваа држава се потпира врз таа војска, врз

таа одбрана, треба на истите тие луѓе да им овозможи да решат дел од тие проблеми што им се реални. Затоа би апелирал и до мнозинството и до опозицијата, особено од оние немирни колеги пратеници во последните редови, да го поддржат овој амандман. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Рахизќ.

Има збор господинот Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Ви благодарам господине потпретседателе.

Јас би побарал од колегите кои се позади мене да бидат малку помирни, ако има можност да апелирате до колегите да ме сослушаат.

**Бесим Догани:** Веќе неколку пати апелирам, нон стоп ѕвонам со ѕвончето. Навистина ве молам, разговорите што ги обавувате да ги обавувате малку потивко, за да можат колегите и да се обратат и да слушаат што излагаат другите колеги.

Продолжете господине Незири.

**Сафет Незири:** Благодарам господине потпретседтел.

Јаз во целост го поддржувам амандманот поднесен од нашиот колега Есад Рахиќ, бидејќи се говори за една категорија вработени кои секојдневно условно можам да кажам дека нивната должнст има извонредно чувствителна должност, често се и во опасност при извршување на истата, како што се припадниците на Армијата на Република Македонија вршејќи ја својата должност и своите обвски со закон и Устав за одбраната на територијалната целина на Република Македонија. Бидејќи во Армијата на Република Македонија имаме вработени од сите националности кои учествуваат како офицери, подофицери и платени војници, но нормално, имаме и војници кои ги вршат своите обврски, кои се уредени со закон и со Устав. Се поставува следново прашање. Како може на пример едно воено лице да има 18 илјади денари плата, а патува секој ден од Скопје до Велес, Скопје-Тетово, или Скопје-Куманово и можеби од други градови низ цела Република Македонија, за да ги извршуваат секојдневните обврски во касарните на Република Македонија и откако ќе се врати се враќаат во една семејна единица или се враќаат во нивните домови кои ги имаат под наем. Замислете, за каков стандард од 300 евра чии лица работат без да го решат нивното станбено прашање. Ова е прво.

Втората категорија на нашите граѓани кои одат во мировни мисии, почнувајќи од Ирак и во Авганистан како критични центри во светот и по шест месеци по ротациите се враќаат назад, треба да се вратат во нивните домови во кои живеат под наем. Значи, нивниот статус и ден денеска не е регулиран.

По осамостојувањето на Република Македонија од 1991 година наваму, ние настојуваме со секој услов носејќи закони, со предзнакот на Европската унија исполнувајќи неколку критериуми на НАТО за да направиме реформи во системот на Армијата на Република Македонија, настојуваме да ги достигнеме некои минимални стандарди, додека некои супстанцијални стандарди кои треба да ги изврши Министерството за одбрана и Владата, посебно кон припадниците на Армијата на Република Македонија е еден од клучните предуслови. Војните лица и тие кои се непосредно и имаат работа со оружје, со војници, со нивната обврска, како уставна обврска, Владата не посветува големо значение кон овие припадници. И јас мислам дека овој амандман е мала количина на финансиски средства, можеби требаше уште повеќе средства да се бараат со овој амандман, бидејќи како што рече колегата Рафис, се говори за лица кои се полковници, потполковници и тн., кои и ден денеска живеат под наем, кои имаат завршено и воена школа во поранешна Југославија и имаат завршено и ги вршат должностите и обврските со една голема свест и одговорност и сега тие се во милост и немилост и на врмето и на Владата. Ако има милост Владата може да им помогне, ако не тогаш во ред. Јас мислам дека мнозинството кон овие припадници на Армијата на Република Македонија, посебно кон војните старешини, да го има предвид тоа и делумно да се стартира за подобрување на нивната состојба, посебно за едно домување, да им се овозможи или да им се реши нивното станбено прашање. Затоа би апелирал до парламентарното мнозинство и до сите пратеници да се поддржи овој амандман. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Незири.

Збор има госпоѓа Ристана Лалчевска, повелете.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитувани колеги, почитуван министре за финансии.

Би сакала да кажам неколку збора околу она што овој амандман го покренува како прашање, односно прашањето на изградба на таканаречените воени станови. Веќе подолг низ на години ова е запрено и Македонија веќе не гради воени станови, меѓутоа, факт е дека прашањето на домување на оние кои немаат свои станови а се активни во Армијата, односно се офицерски кадар, Армијата мора да го решава, односно државата мора да го решава. И според Законот за служба во Армијата на Република Македонија се изнајде решение да се плаќаат наемнини за да можат тие да си изнајмат станови.

Јас за жал не знам колкава е бројката на офицери на кои им се плаќа наемнина за да изнајмат станови, меѓутоа претпоставувам дека е поголема бидејќи ние донесовме Закон за, да речам еве, предвремено пензионирање на дел од офицерскиот кадар, така да овој сега што е активен е релативно млад офицерски кадар, па моите претпоставки се дека поголем дел од нив не го имаат решено станбеното прашање и се издвојуваат голема сума на средства годишно за наемнини за станови на овицерскиот кадар.

Министерството, односно Владата треба да размисли, секако во консултации со Министерството за одбрана по однос на тоа, колкава е бројката, какви се средствата кои се издвојуваат за наемнини и да се види дали е поисплатливо потрајно решавање на работите, односно отпочнување на изградба на таканаречените воени станови за офицерскиот кадар, што секако е во согласност со стандардите на НАТО и е прашање кое ние во догледно време ќе мора да го решиме.

Јас, оваа сума што колегата Есад Рахиќ ја бара овде, претпоставувам дека не е ни приближно доволна за изградба на такви станови, меѓутоа идејата која што ја промовира треба да се разгледа и да се види дали на државата и е поисплатливо и понатака да продолжи со давање на средства за наемна на станови, за закуп на офицерскиот кадар или конечно треба да се отпочне исградба на таквите станови. И тука да напоменам, дека согласно законот, тие имаат право да користат наемнина се додека се активни во службата. И се поставува прашање, дали повторно ќе ни се случи за догледно време, дел од офицерскиот кадар, како што ни се случи кога дел од нив отиде во пензија а немаше решено станбено прашање и останаа сега и без наемнини и без станови луѓето да се снаоѓаат во своите пензионерски денови, а активно учествувале во нашата армија и секако тоа е за почит, да останат да се снаоѓаат сами понатака околу своето станбено прашање. За да не се доведеме повторно во таква ситуација, да кога ќе дојде време да дел од нив ја напуштат Армијата, се пензионираат и тн., останат надвор од системот, односно останат и без наемнина и без станови, а средствата, ќе напоменам, секако трошиме голема сума на средства за наемнините кои што годишно се исплаќаат. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Лалчевска.

Реплика има господинот Есад Рахиќ, повелете.

**Есад Рахиќ:** Благодарам потпретседателе.

Почитувана колешке Лалчевска и почитуван Незири, токму ме радува што ве заинтересирав и она кое што го кажавте е во иста насока, не како реплика, туку како потврда на тоа што го рековте и минатата година имав амандман на оваа тема и мислев дека четири години Владата издвојува одредена сума од Буџетот. Инаку 150 милиони денари, можеби вака изгледа два ипол милиона евра голема ставка, меѓутоа, да речеме, тоа е ништо во однос на овој Буџет што го имаме како приходи и проектирано и она што може да се оствари. Особено е битно ова што рековте, се плаќа наемнина додека се во служба. Што после тие 40 или 45 години на старост кога им престанува на професионалните војници и да речеме на офицерите кои што одат. Вреди ли тие луѓе да останат на улица. Затоа сметам дека во делот на тоа што тие го имаат како наемнина и во делот на тие што го имаат како здружување на средства и во делот на тоа што го има на војската што и остана како земјиште во рамките на касарните, тоа се огромни простори и во Илинден и во Ѓорче Петров и од она што остана во рамките на Армијата, постои можност многу ефикасно и релативно ефтино да се реши овој проблем. Тоа како поддршка, не како реплика затоа што сметам дека овие луѓе тоа го заслужуваат. Едноставно меѓу нив не само што се по чин и со завршени воени школи, туку и магистри, доктори на науки кои што се имаат вградено во оваа независна наша држава. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Збор има господинот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Навистина овој амандман кој што е поднесен од колегата Рахиќ за кој што треба во иднина, меѓутоа и денес се разбира, да размислиме долгорочно да го решиме проблемот на воените старешини и подофицерите, кои се вработени во Армијата на Република Македонија. Велам долгорочно, од причина што не мора да значи дека доколку се прифати еден ваков амандман, или пак во иднина доколку изградиме станови за старешините, подофицерите и тн., дека тие станови ќе им се дадат бесплатно. Сигурно дека ние како држава, меѓутоа и Владата треба да градат свои политики во оваа насока барем да им се овозможи поповолни кредити да можат да конкурираат за тие станови и се разбира, во текот на времето додека се вработени во Армијата и да ги исплатат тие кредити и со ова верувам дека ние како општество ќе добиеме, се разбира и вработените во Армијата на Република Македонија секако дека ќе се чувствуваат подобро, ќе се чувствуваат позадоволно и се разбира, ќе го решат станбеното прашање. Велам со една долгорочна политика во оваа насока и верувам дека ние како општество ќе добиеме многу додека нашите војници кои што се во земјата и во странство и кои што се наши претставници во странство, нема да дојдат во позиција во која што беа до сега, условно да кажам, според моите информации, затоа што истите говорат дека немале ниту обувки колку што било потребно војниците кои што се во земјава и со ова сакам да кажам дека е добро што е зголемен Буџетот, затоа што државата се идентификува се разбира со униформата, со војската, со полицијата и со другите институции. Доколку ние не инвестираме, посебно во овој момент кога се говори за оној дел кој што е вработен во Армијата, мислам дека правиме голема грешка. Претходните говорници ги преставија тешкотиите во Армијата, кои што патуваат низ цела земја и навечер треба да се вратат по нивното работно место каде што живеат како што е тоа Скопје, Струга, Битола и тн., знаејќи дека патната инфраструктура е многу лоша во нашата земја и не можат толку лесно после работното време еден воен старешина секој ден да патува од Битола, да живее во Скопје, да работи на друго место или обратно. Ова го велам затоа што би било добро да се прифати овој амандман, меѓутоа, во иднина да се размисли за една долгорочна политика од страна на Владата за ваквите проблеми да се решат на вработените во Армијата. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Алити.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање ги повикувам сите пратеници кои се надвор од салата да влезат во салата.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата има 64 пратеници.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 58 пратеника, од нив 12 гласаа за, 2 воздржани, против 44.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 05003 Програма 2 потпрограма 20 ставка 483 и Разел 04001 Програма Д потпрограма Д7 ставка 425, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Влатко Серафимов, Верица Филипова, Весна Бендевска, Игор Ивановски, Борис Кондарко, Цветанка Иванова, Тале Герамитчиоски, Оливер Спасовски, Ацо Киров, Благородна Цветковска и Никола Рилкоски под архивски број 074819/168.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе.

Со овој амандман бараме во Разделот 05003 Дирекција за заштита и спасување, дополнителни 200 милиони денари да се обезбедат заради обезбедување на средства за купување на дестина солидни противпожарни возила во Република Македонија.

Сакам да ве потсетам почитувани колеги, дека на крајот на јули 2007 година кога во Македонија беснееа навистина голем број на пожари кои однесоа огромен број на средства што во шумски фонд, дури имавме и жртва во Битола. Да потсетам, Собранието заседаваше на таа тема, ја разбравме и сфативме сериозноста на ситуацијата и

увидовме дека во Република Македонија апсолутно тенко стоиме со противпожарна опрема. И донесовме заклучоци кои за жал не ги изгласавме во ова Собрание и таа седница сеуште практички не е завршена. Но, ако добро се сеќавам, сите бевме заедно решени да го зголемиме капацитето на Дирекцијата за заштита и спасување заради во случаи на такви кризи да бидеме спремни и со сопствени сили да се бориме против огнената стихија. За да не дојде почитувани колеги дека кога ќе помине зимата забораваме на потребите,или како што вели народот, да ја фрлиме гуњата. А за жал, Буџетот за идната година се носи обично во зима, а пожарите се случуваат обично во лето кога немаме средства, или кога веќе констатираме дека не сме биле доволно мудри и паметни да обезбедиме средства. Сега ве повикувам сите заедно да ги исполниме нашите ветувања кои ги имавме во заклучоците на Собранието на Република Македонија.

Согласно Предлог Буџетот доставен од страна на претставникот на Владата се вели дека Дирекцијата за заштита и спасување е основана заради извршување на сите работи од заштитата и спасувањето од природните непогоди, епидемиите, епизотиите и епифитоците.

Со овие 200 милиони денари ќе обезбедиме средства за купување на 10 противпожарни возила што во случај на потреба би биле мобилни кои би се упатувале на местата на несреќите. Иако противпожарната заштита во Република Македонија од Министерството за внатрешни работи согласно реформите во децентрализацијата преминаа под единиците на локалната самоуправа. За жал единиците на локалната самоуправа го неследија и недостатокот од квалитетна опрема на противпожарните служби. Заради тоа сметам дека овие 200 милиони денари постојат во овој Буџет и овој Буџет има капацитет мудро да ги искористи овие средства. Предлагаме истите да бидат искористени од разделот Влада на Република Македонија кој предвидува во овој Буџет нова потпрограма Д7 за која министерот најверојатно заборави да ни каже што значи и што се предвидува со програмата Д7 која Владата успеала да ја наполни со цели 200 милиони денари, а гласи: унапредување на деловните активности. Да потсетам, разделот 04001 Влада на Република Македонија, значи Владата сама на себе си распределила Буџет за 2008 од 1,2 милијарди денари. Од сите тие средства се разбира дека станува збор за средства зголемени за расходи од самофинансирачки активности, заеми и донации, но изнесуваат 1,2 милијарди денари. Владата само за себе подпрограмата Д економски развој и предвидела цели 550 милиони денари распределени соодветно во следните подпрограми: подршка на развој на мали и средни претпријатија. Сметаме дека ова се мудро искористени пари, а Владата предвидела на таа ставка да потроши 100 милиони денари. Но, затоа пак на подпрограма економска промоција на Влада, настрана од оние 500 милиони денари кои успеала да ги сокрие во разделот функции на држава,предвидела дополнителни 243 милиони денари. И како да е малку тоа, Владата внесува нова подпрограма со име: унапредување на деловни активности за кои планира да потроши 200 милиони денари на ставката договорни услуги. Наместо оваа Влада да троши повторно 500 милиони денари од функциите на државата зголемени во вакви скриени ставки уште цели 500 милиони денари. Ја повикуваме на разум и овие 200 милиони денари да ги пренамени онаму каде што треба како средства со кои ќе си обезбеди соодветна противпожарна заштита на Република Македонија.

Не верувам значи секогаш кога министерот Славески нема одговор и нема сила да ги објаснува бројките зад кои е потпишан, а тоа значи 547 милиони денари Владата сама за себе да се самопромовира, да ја самопромовира својата економска активност, зошто не го прифаќа овој амандман согласно кој Република Македонија ќе го наголеми својот капацитет сама да се бори против огнените стихии кои повторно можат да претставуваат реална опасност и по животинскиот свет и по луѓетои по растителниот свет, а кои, ако добро се сеќавам во последната огнена стихија беа уништени над една милијарда денари.

**Бесим Догани:** Збор има госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Краовска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Би сакала сосема накратко да дадам подршка на овој амандман. Во интерес на времето реков дека ќе кажам само неколку клучни реченици со кои што можеби ќе се разубедат колегите од парламентарното мнозинство да дадат подршка на овој амандман. Мислам дека колегите кои што го имаат поднесено амандманот се апсолутно во право и мислам дека навистина овие пари ќе бидат многу порационално искористени и

покорисно искористени за обезбедување на средства за подобрување на ефикасноста на противпожарната заштита. Јас мислам дека и самиот министер требаше да го прифати овој амандман, затоа што мислам дека од она што ни се случи во летото требаше Владата да извлече поука. Не би сакала и никој во ова Собрание, а и надвор од Собранието не сака да ни се повтори тоа што се случуваше во летниот период. Меѓутоа, овие средства што ќе се издвојат од Буџетот иако не се така големи,но во голема мера ќе придонесат да доколку се случат такви ситуации да можат да се преземат адекватни мерки за заштита,прво превенција, а пота и во интервенцијата.

Почитувани коелги пратеници,мислам дека овие средства се минорни во однос на она што може да се направи со нив и колку можат тие да бидат корисни. Можат да се спречат иљадници, иљадници хектари на шума, можат да се спречат дури и несреќи од поголеми размери, оштетување на имотите на луѓето, загрозување дури и на животите не само на граѓаните кои што живеат во непосредна близина каде што се случуваат овие пожари, туку и на оние кои што интервенираат. Мислам дека нема пратеник во ова Собрание кој што не се сложува дека за оваа намена апсолутно и се потребни средства на Република Македонија, поготово врз основа на искуството,она што ни се случуваше во летниот период.

Сега треба да размислиме и да делуваме, затоа што после ќе биде касно и сите напори ќе бидат залудни.

**Бесим Догани:** Ви благодарам .

Има збор господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Почитуван министер, навистина јас сум еден од оние кои што мислат дека кога се зборува на оваа тема можат сите пратеници да зборуваат и со право да кажат какво искуство тие имаат, или слушнале дека постои, особено кога се работи за огнени стихии кои што скоро секоја година опустошуваат огромен број на хектари во Република Македонија. Ова е навистина една сериозна тема со сериозни можни последици. И токму од тие причини кога ја носевме одлуката за прераспределба на средства ургирав дел од граѓаните од Миравци, Давидово, Богородица и т.н. да бидат обештетени од огнената пустија што ги зафати летово. Исто така, знам дека и вие знаете дека противпожарната заштита е во рамки на ингеренциите на локалната самоуправа, Меѓутоа, ве уверувам дека опремата со која што располагаат противпожарните единици во Република Македонија е повеќе од мизерна. Возниот парк е постар повеќе од 20 години. Само во 3, или 4 града во Република Македонија постојат противпожарни скали со кои што може да се гасне пожар во семејните објекти. Да не зборувам, недај боже да дојде до некоја таква ситуација. И искуството околу нашето опкружување,особено од Хрватска треба да ни биде поука како да реагираме во вакви моменти. И затоа се придружувам кон сите колеги кои што го подржуваат овој амандман и ве замолувам уште еднаш да размислите за вашата одлука да ја промените, или да издвоите вакви, би рекол минимални средства за нешто што никој не знае кога може да дојде.

**Бесим Догани:** Има збор господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани коелги, почитуван минситер, најпрво би сакал да го изразам своето незадоволство, затоа што последните настани што се случија упатуваат и на проблемот, дали Буџетот што го предлага Владата е навистиан заснован на реални предвидувања и економски показатели, пред се мислам на она што го зборуваше мојот колега Никола Поповски во својата дискусија во поглед на висината на државните резерви и во поглед на растот во третиот квартал на бруто домашниот производ. Значи, проекциите кои што ги имаше Владата по однос на оваа година најверојатно нема да се остварат, а за наредната годинаисто така, се доведени во прашање. Исто така, би сакал да го изразам своето незадоволство што Владата на Република Македонија фискалната стратегија за 2008 - 2010 година ни ја достави откога помина општата расправа по Буџетот на Република Македонија за 2008 година што алудира на тоа дека намерно се сакало овие документи да не се доставаат до нас како не би можеле да дискутираме по однос на општата расправа за Буџетот и поаргументирано и подобро да се согледаат сите проекции на Владата дали се вистинити, а и она што денеска Државниот завод за статистика ги објави податоците, значи откога помина исто така општата расправа, навистина укажува на една намера,или алудира на некоја намера дел од податоците кои што се релевантни за нас како пратеници да може квалитетно да дискутираме по однос на Буџетот, не ни беа достапни. И мислам

дека не е добро до колку постоела некоја таква намера одредени стратешки документи, или податоци да не им бидат достапни на пратениците на време.

По однос на амандманот, би сакал да се приклучам со својата подршка кон истиот и да кажам дека многу брзо се заборавaат некои настани што се случија во Република Македонија во текот на летниот период. Знаеме дека месец дена Република Македонија ја тресеше една природна катастрофа, а тоа беше сушата коај беше придружена со големи пожари, за жал земаа и човечки живот, а да не зборувам и за материјалната штета што беше направена. Тогаш Владата испаѓаше со намери дека сериозно ќе размисли дури и за купување на авиони Канадери и други средства кои што ќе помогнат во гаснењето на пожарите, дека ќе се осовремени опремата и средствата со кои располагаат противпожарните единици. Но, видовме дека во Буџетот нема такви намери.И затоа апелирам, бидејки годишните времиња се менуваат, брзо ќе дојде повторно летото. Се надевам навистина дека нема да се повтори таквата ситуација. Но, тоа не значи дека ние не можеме да бидеме спремни да се подготвуваме во случај да се повторат тие настани. Затоа е многу битно да почне со време опремувањето на противпожарните единици во Република Македонија со современи средства за справуање со огнените стихии. И не ми е јасно зошто Владата не го прифаќа овој амандман. Уште повеќе не ми е јасно зошто министерот за финансии не ни објасни што значи оваа нова програма Д, подпрограма Д7 унапредување на деловните активности за која се предвидени 200 милиони денари. Навистина не ми е јасно и тоа за договорни услуги. Дали овие средства имаат однапред план за што ќе се потрошат, или една ставка која што со некои наредни ребаланси Владата си остава резерви парите да ги троши за намени кои што таа сака, а не за она што се предвидени. Зато апелирам до колегите пратеници да го пдоржат амандманот и да се обезбедат средства за зголемување на опремувањето на противпожарните единици.

**Бесим Догани:** Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандмнаот.

Објавувам пауза од половина час.

(Пауза од 18,10 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 18,58 часот)

**Бесим Догани:** Ги повикувам пратениците да ги заземат своите места, продолжуваме со работа.

Господине Марјанчо Николов вие сте пријавени за процедурално?

Повелете, имате збор процедурално.

**Марјанчо Николов:** Благодарам потпретседателе.

Се јавив за процедурално, затоа што кога расправаме за Буџетот, цело време на прашањата што ги упатуваме до Владата, во случајов претставена од министерот за финансии, не добиваме одговор. Мислам дека за еден таков значаен документ, како што е Буџетот на Република Македонија, околу трошењето на парите н а граѓаните како даночни обврзници, мислам дека треба министерот да најде за потребно да најде да одговара на прашањата а опозицијата, без разлика дали му се допаѓале или не, а не да се јавува само кога треба нешто да исправи или кога нешто ќе згрешиме.

Јас знам дека ние или вие како пратеници, деловнички не можеме да го натераме министерот да одговара на нашите прашања, но би ве замолил, во интерес на плодна расправа, во интерес на граѓаните на Република Македонија што ќе ги постави опозицијата да ни одговори.

Претходно кога зборував го запрашав што значи програмата Д, подпрограма Д7- унапредување на деловни активности и за што се предвидени 200 милиони денари за договорни услуги. Министерот не се јави да одговори, па во таа насока апелирам до него, секогаш кога има прашања, бидејќи се работи, ќе повторам, за Буџет, да одговори на прашањата на опозицијата.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Николов.

Самите дадовте објаснување како се работи во Собранието, што е предвидено со деловник. Така што мислам дека вашето процедурално и немаше некоја процедурална забелешка. Впрочем, право на министерот е да одговори кога мисли дека треба да се оговори или да не одговори кога мисли дека не треба да одговори. Тука немаме никакво деловничко право, како што рековте и вие. Вашиот апел министерот го слушна и верувам кога ќе најде за сходно ќе одговори на прашањата.

Госпоѓа Весна Бендевска е пријавена за процедура, повелете.

**Весна Бендевска:** Процедуралната забелешка е до вас почитуван потпретседаеле.

Барам да објасните зошто објавивте пауза од 18,00 до 18,30 часот, а почнуваме со работа на Буџетот точно во 19,00 часот. Овој половина час, претпоставувам дека повторно ќе го вметнете на контото на опозицијата кога ќе не окарактризирате како неконструктивни или со желба, кочничари или со желба да одолговлекуваме. Од овој момент вие водите со оваа седница, барам од вас конкретен одговор за ова. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Паузата беше објавена во 18,13 асот, јас во 18,43 минути бев во салата. Можам да ви кажам по редови од која група колку пратеници имаше. Не сакам да спомнувам пратенички групи, партии кои се претставени во Собранието. Можам да кажам дека чекањето повеќе од 10 минути беше поради вас пратениците, кои во моментов сте во вашите клупи. Не знам, не сум сигурен, дали во моментов имаме доволен број на пратеници во салата.

Затоа би ги замолил службите да достават точен број на пратеници во салата па да продолжиме со работа.

(Службите доставуваат точен број на пратеници во салата)

Во моментов во салата се присутни 64 пратеници.

Затоа, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 64 пратеници, гласале 56 од нив 14 гласале за, 1 гласал воздржано, а против 41 пратеник.

(Пратеникот Ристо Пенов реагира на бројот на присутни пратеници во салата)

Господине Ристо Пенов, ако мислите дека има помалку од 64, службите погрешно ме информирале можам пак да ги повикам.

(Пратеникот Ристо Пенов бара повторно пребројување).

Во ред, тогаш поради сомневањата на господинот Пенов, уште еднаш ги повикувам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите доставуваат повторно број на присутни пратеници во салата).

Во моментов има 61 присутен пратеник. Во време на гласањето имаше 64 пратеници. Но, јас не можам да ги задржам пратениците цело време да седат во салата.

Значи, гласањето е валидно.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 06001, програма 1, потпрограма 10, за додавање нова с тавка 482 пред ставката 483 и на раздел 09002, програма 2, подпрорама 20, ставка 482, поднесен од пратениците Ајше Селмани, Џеват Адеми, Теута Адеми и Рафис Алити, под архивски број 07-4819/121.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии повелете.

**Трајко Славески:** Не се прифаќа амандманот.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор госпоѓа Ајше Селмани, повелете,

**Ајше Селмани:** Ви благодарам господине потпретседателе.

Почитувани пратеници,

Овој амандман не предложен со цел да се доделат средства од 20 милиони денари за финансирање изградба и отворање на противпожарна единица во рамките на општина Теарце.

Имајќи ја предвид ситуацијата летово и пожарите што ја опфатија Македонија, ваквата тешка состојба беше евидентна и во општина Теарце. Како последица на ова останаа опожарени голем дел од шумите што имаат потреба да се вратат во првобитна состојба.

Освен тоа и покрај вонредната состојба во Република Македонија, во населените места во општина Теарце се случија и други несреќи, како што е опожарување на куќи и други објекти кои имаа потреба од итна интервенција. Очекувајќи ја помошта на пожарникарите од Тетово и другите места, навистина штетите се зголемуваат но и животот на луѓето е во опасност. Никако не може да се оправда фактот што денеска, во една општина или едно населено место да нема елементи за заштита на животот на луѓето.

Затоа, јас бев убедена, додека министерот за финансии и Владата предвидуваат средства за изградба и одржување на животни на зоолошката градина, а воопшто не водат сметка за граѓаните, нејзините граѓани кои се наоѓаат пред опасност, сметав дека овој амандман ќе биде прифатен без потреба од мое аргументирање. Затоа што е доволно што го предложивме, да се потсети дека една ваква противпожарна единица недостасува во рамките на општин а Теарце. Граѓаните имаат навистина потреба за заштита од пожари.

Имајќи предвид дека оваа општина со 138 квадратни километри, која има 22.403 жители, неопходно е да има една ваква противпожарна единица. Затоа барам поддршка од пратениците да им се обезеди

на овие граѓани безбедност во нивниот живот и на нивните имоти. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Селмани.

Има збор господинот Џевад Адеми, повелете.

**Џеват Адеми:** Ви благодарам господин е потпретседател.

Се јавив да дадам поддршка на амандманот доставен, предводен од госпоѓа Ајше Селмани и поддржан од другите колеги пратеници, со убедување дека министерот во неговиот говор, кога го претстави предлогот на Буџетот за 2008 година, меѓу другото се изрази приближно вака дека целта на Владата на Република Македонија, чиј минстер е и тој е целосна имплементација на Охридскиот договор, придружено со интензивирање со процесот на децентрализација, од централно на локално ниви.

Имајќи ги предвид европските искуства, само да ве потсетам дека во Европа, гордоста на локалните власти, на грдоначалниците или пак како се нарекуваат тие е бригадата на пожарникарите, единицата на пожарникарите. Единица, која што за жал општина Теарце ја нема.

Доколку признаеме дека процесот на децентрализација или пак фазите, концептираните фази на пренесување на власта од централно на локално ниво не е завршено, не сме стигнале ниту на крај на втората фаза, а камо ли да говориме за третата фаза, се подразибра потребата на единиците на локалната самоуправа да се поддржат од страна на централната власт. Не само за трансферот на службата на противпожарните единици од Министерство за внатрешни работи во надлежност на локалните власти и тие како умеат и знаат да се соочат со проблемите што овој сегмент од животот ги носи, туку, доколку сакаме да се гордееме и да имплементираме европски стандарди, обврска е политичка, државна, граѓанска, морална, централните власти да го поддржат нормалното функционирање на локалната власт.

Општина Теарце, почитувани колеги е рурална општина. Сакам да верувам дека никој во оваа држава, опфаќајќи ја тука и Владата на Република Македонија не сака да ги третира со двојни стандарди општините, оние што се напредни, урбани, централни и оние што се позади сонцето, како што би рекол народот, без потенцијал за инвестирање и без можност, да не даде господ, во моменти на опасност да чека помош или од небото или пак од соседите. Не сакам да замислам ситуација при евентуална опасност или незгода што би мо жела да го опфати регионот на Теарце, помошта да се чека или од дождот, или од Тетово или од општина Качаник.

Затоа ценам дека господинот министер и кога го видел образложението на амандманот и тоа од каде се земаат потребните финансиски средства за докомплетирање и ставање во функција на пункотот на противпожарната единица или пак службата на противпожарната единица за Теарце, можел лесно да се убеди дека ова не претставува товар во рекордно големиот буџет во Република Македонија за 2008 година и нема да остави празнина од таму од каде што се земаат. Тоа заради фактот, затоа што сме биле внимателни, благодарение на нештедливата помош на малкуте стручни служби што ги има ова Собрание и со една добра волја да успееме и локалните авторитети од општина Теарце и тие 20 и неколку илјади жители, не само што би се чувствувале згрижени, не само што би го очекувале со радост ваквиот гест, туку би имале гаранција, да не даде господ да се повторат пожарите од 2007 година.

Факт е дека во зоната на Шара, што ја опфаќа и општина Теарце, за среќа немаше такви огнови. Не знам дали поради вниманието на граѓаните, внимателноста или планинскиот масив или пак на случајов, локалните власти, опфаќајќи ги туристички заедници тука и граѓаните на Теарце, не се соочија директно со недостатокот на службената единица на противпожарната единица со недостаток на пунктот, со недостаток на овој значаен сегмент од функционирањето на локалната власт.

Трета јасно да се каже дека општините како Теарце, а општината Теарце не е единствена, немаат финансиски капацитети самите да основаат, да етаблираат гама на служби што треба, како наша ориентација за трансфер на надлежностите кај граѓаните. Нема финансиски потенцијал, ресурси, или потребни приходи за да може да преземе една таква инвестиција за, како што вели народот, за нив голем товар. 20 милиони денари за Буџетот за 2008 година не претставува, споредувајќи ги бројките секогаш, не претставува ниту капка во мора.

Затоа бев убеден дека господинот министер, имајќи го предвид пристапот што е коректен, барем до сега што го претставил во разгледувањето на минатите амандмани, што по мое убедување мнозинството од амандмани со логична одржливост и итна

потреба или беа прифатени од него како претставник на Владата или беа изгласани од страна на колегите од разните парламентарни групи, едноставно бев убеден дека и овој амандман ќе помине. Дотолку повеќе, ќе беше симболичен гест на Владата затоа што овој проект бара во една зона која во 2001 година беше опфатена со конфликтот и ќе беше убава порака, како да кажам, една надежна симболика дека оваа Влада нема за цел и нема како метод на работа селективно третирање на општините. Не заради фактот што градоначалниците се на оваа или онаа политичка групација, далеку од тоа, туку заради зоните, териториите, за амбиентот или за минатото. Затоа со манифестирање на човек кој што има слободна рака, дарежлива рака затоа што вообичаено министрите за финансии немаат дарежлива рака било на која политичка групација да припаѓаат, меѓутоа има исклучоци. Исклучоци кои достигнуваат големе ефекти. Општина Теарце е општина со мешан етнички состав Албанци, Македонци, Турци и други, не сакам да бидам ексклузивист во овој случај и за чудо убеден сум дека ќе беше вистинска мудра одлука и опортуна одлука доколку се прифатеше од страна на Министерството овој амандман или пак втората варијанта, доколку се изгласаше од страна на колегите пратеници, не зависно од тоа на која парламентарна група припаѓаат, не зависно во каква позиција се дали позиција или опозиција. Политичката димензија на овој амандман чиј што предлагач сум и јас е различен, многуслоен и многу други димензии. За да не ја дезауирам темата или за да не го намалам значението за локалните власти и за жителите на општина Теарце, јас, ова мое јавување за моментот тука ќе го прекинам со убедување дека во меѓувреме можат да се случат и настани кои што на дебатата можат да и дадат поинаков правец. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам и јас господине Адеми.

Збор има господинот Аднан Јашари, повелете.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине потпретседателе, почитуван министер, почитувани колеги.

И јас го подржувам овој амандман со два три-три збора, зошто несакајќи да се повторам со моите колеги кои говорат претходно. Ќе кажам на почетокот дека сум свесен заради фактот дека во Република Македонија противпожарните единици или овој сегмент на некој си начин децентрализиран и против пожарните единици може да се основаат во општините. Доколку се анализираат внимателно Законот за противпожарната служба, ќе дојдеме до констатација дека ваквите противпожарни единици освен општините има и Република Македонија или се единици кои што се централизирани. Затоа анализирајќи ги одредбите на законот, кој што го имам пред себе ќе дојдеме до констатација дека ваквите единици противпожарни кон овој закон во Македонија ние сме обврзани да основаме или фомираме на сите територии што на некој начин се на дистанца подалеку 20 километри. Имајќи го предвид фактот дека територијата на оваа општина за која што се предложени амандманите бараа да се основа или формира противпожарна единица со далечина над 20 километри. Јас мислам дека предлагачите на овој основ имаат и законска основа врз основа на која го имаат овој амандман. Ова е главното образложение зошто го земав зборот и зошто ќе го подржам овој амандман.

**Бесим Догани:** Реплика има господинот Ружди Матоши, повелете.

**Ружди Матоши:** Ви благодарам господине потпретседателе.

Јас внимателно ги слушам предлозите или пак оценките за овој амандман што ги дава парламентарната група на ДУИ меѓутоа, ние како дел од Владата сме одлучиле да правиме зајакнување на центрите на противпожарни единици во Тетово и Гостивар каде што во брза иднина оваа година ќе се опремат со техника и ќе се опремат со опрема возила кои што носат вода и со сите тие опреми и механизми кои што влијаат, кои што помагаат во противпожарната единица. Значи ова нешто многу позитивно за овој регион кој што можеме да го оцениме дека е регион кој што е пошумен и навистина има потреба од надзор на противпожарните единици. Тоа е едниот елемент.

Вториот елемент е, во текот на пожарите што сме ги имале во минатата година топлото лето што го имавме 2007 година, Владата сепак не седеше со скрстени раце. Токму во зоната Теарце, вртеа 4 хилихоптери со цистерни за вода, таму каде што се јавуваа пожари во делот на шумите во оваа општина. Јас мислам дека треба да одиме чекор по чекор зајакнуваајќи ги постоечките центри, а потоа во една брза, блиска иднина да се отворат зошто не и други центри од причина

што не е само Теарце, тука е и Боговиње, Челопек, Желино, кои што се општини кои поседуваат дел од планините и шумите и во иднина можат да наидат на вакви проблеми. Затоа зајакнуваајќи го центарот во Тетово тоа ќе влиае во целиот регион во целост. Значи, тоа е тоа што сакав да го кажам. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Матоши.

Контра реплика има господинот Аднан Јашари, повелете.

**Аднан Јашари:** Го разбрав многу добро колегата и доколку ме разбра тој, јас реков дека противпожарната единица во Тетово и Гостивар значи се дел од противпожарните единици на Република Македонија врз основа на она што јас го имам, врз основа на Законот за противпожарна служба, а би било добро во Теарце да се основа општинска единица или регионална единица. Мислам дека нема ништо лошо во овој предлог, затоа што на некој начин дојдов до констатација дека и тој на некој си начин се согласува дека треба да има вакви единици во дел за кој што се говори, значи на секое место на територијата на Република Македонија.

**Бесим Догани:** Збор има господинот Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Благодарам потпретседателе, почитувани пратеници,

Јас го подржува амандманот предложен од страна на моите колеги на нашата парламентарна група и гледано во целост се согласувам со последното изјаснување на колегата Аднан Јашари, меѓутоа без да ги отфрлам изјаснувањата на господинот Ружди Матоши во обидите за идентификација и за институинализација на централните единици на противпожарната единица. Меѓутоа, сепак јас мислам дека со глобалните атмосферски промени не само Република Македонија туку во светски размери кои што секој ден, секоја недела, секој месец или година се повеќе зазема многу негативни размери со прогнози кои што се непредвидливи, кои што имаат последици посебно кон човечкото општество. И гледајќи од еден друг аспект или агол давајќи критички осврт кон нашето општество во Република Македонија посебно од позиција на економска и социјална позиција, од позиција на тоа како стојат финансиски граѓаните на Република Македонија со посебен нагласок на нашите граѓани кои што живеат и делуваат во населени места на рурални општини, а ние знаеме со каква дејност тие воглавном се занимаваат со земјоделство, сточарство и со некој мал бизнис или среден бизнис. И кога ќе го земеме конкретниот пример општина Теарце која што брои над 22 илјади жители и самиот број со над 20 илјади жители само по себе покажува за какво густо населено место се работи во тој регион во делот на Тетово. Секогаш постои опасноста во годините кои што следат, посебно во летните месеци кога под сенка температурата е над 50 степени, да не говорам за делот кој што е надвор од сенка, посебно во деловите под сонце каде што сигурно достигнува и до 60 степени температурата. Само една мала искра оган може да придонесе за големи последици. Ако го земеме за пример Теарце сепак ова може да важи за другите општини во Република Македонија, меѓутоа конкретниот случај сега е општина Теарце, од оваа група на претеници кои што го поднеле овој амандман.

Ова нека биде пример не само за општина Теарце туку за сите општини во Република Македонија кои што треба да имаат инстуционално зајакнување на противпожарните единици, затоа што многу добро знаеме дека во оваа мината година и во ова летно годишно време знаеме како помина Република Македонија при гаснењето на пожари и колку Македонија беше ефикасна и противпожарните единици и Владата за соочување со овие пожари кои што зафатија еден мал дел од Македонија. Мал дел меѓутоа сепак не беше Владата во состојба да се соочи со овие пожари. Колку ќе биде на пример противпожарната единица интервентна од Тетово да интервенира во Теарце, можеби со два камионети и со десет пожарникари и кога на пример би била опфатена една планина која што во температура над 50 степени може да има исклучително тешки последици, не само на планинскиот дел туку и за жителите кои живеат таму. Ова дефинитивно е во интерес на државата да има конкретно една точка како што е Теарце, да има противпожарна единица. Меѓутоа, ова треба да се практикува во цела Македонија. Јас дури и помислив дека Владата и Министерството за финансии да преземе превентивна мерка во предвидувањето на овој Буџет за 2008 година. Затоа што човекот на пример, се учи многу од сопствените грешки. Меѓутоа, да се повтори истата грешка повторно што може да се случи, да речеме еве идната година, со високи температури какви што се предвидувањата, тогаш како ќе се поправи грешката што е направена во 2007 година.

Кога јас го забележав и министерот без никакво објаснување на ноншалнтен начин кажа дека не го прифаќа амандманот, барем да дадеше некакво објаснување или образложение ќе беше човечки и хумано, затоа што се говори за некој вид на хуманост. Државата за една многу мала поплава општина Гази Баба што ја доживеа 2006 година и до ден денес државата не е во состојба да им плати оштета на тие граѓани кои доживееа такви поплави, а камо ли да се работи за некоја еколошка катастрофа или пак оштетување на имотот на граѓаните на оваа општина и пошироко. Нема да биде во состојба да им плати оштета на тие граѓани, а интерес е на државата да има противпожарна единица во секоја општина. Конкретно во едно населено место каде што има над 22 илјади жители да има противпожарна единица, како што е општина Теарце.

Доколку дојде до пожар или уништување евентуално, капацитетот на државата во насока на плаќање на оштета се знае која е, меѓутоа колку ќе биде можноста и капацитетите на нашите граѓани за самите да си се оштетат и да ги изградат и обноват своите куќи и приватниот посед доколку дојде до големи пожари како што се случи во 2007 година. Потоа, заштита на природното богатство. Јас мислам дека треба дури и парламентарното мнозинство, сите пратеници да се докажат со тоа што ќе дадат подршка на овој амандман и да го оправдаме и овој амандман со што и Владата ќе го даде својот испит во оваа насока и ќе им биде многу полесно во идната календарска година 2008 година. Благодарам за вниманието.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Незири.

Реплика има министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам потпретседателе.

Само едно мало објаснување. Противпожарната заштита во процесот на децентрализација е исклучива надлежност на локалната самоуправа. Сепак, Владата на Република Македонија ги помага општините особено оние руралните и особено оние кои што имаат потреба од најразлични услуги кои не им се достапни на граѓаните. Но можностите се ограничени, можностите на Буџетот на Република Македонија се ограничени и затоа треба да се прават приоритети. Овде јас жалам што за оваа година Владата на Република Македонија не беше во состојба да и помогне на општината Теарце со прифаќање на овој амандман. Можеби во некоја друга пригода. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине министер.

Контра реплика има господинот Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Ви благодарам господине потпретседател.

Министерот Трајко Славески овде кажува некои зборови некои работи кои што немаат ни содржина, нема ни основа, заради тоа што се помагаат општините особено руралните општини и тоа веќе се гледа според Предлог-буџетот, се гледа според амандманите поднесени, дали ќе бидат прифатени како помош од страна на Владата и Министерството за финансии. Дали има надлежност и локалната власт ние знаеме до која ставка е децентрализацијата и колку е помошта на Владата при помош на граѓаните како што е пример со пожарите што беа 2007 година. Јас мислам дека некои работи кои беа финансирани и предвидени со Буџетот требаше да се предвидат и овие работи за 2008 година. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Незири.

Збор има господинот Џеват Адеми, повелете.

**Џеват Адеми:** Ви благодарам господине потпретседател.

Сакам да нагласам дека образложението на господинот министер формално е точен. Но, функционирањето на локалната власт службата на противпожарните единици е во рамките на локалната самоуправа , тоа е јасно. Исто така точно е дека не сите единици на локалната власт ги имаат истите можности и јас повторно барам збор да се заблагодарам на министерот за објаснувањето дека Владата има приоритет да ги помогне руралните општини. Друга работа е, каква е можноста, но моето јавување е во однос на образложение бидејќи Матоши рече да не се грижат граѓаните на Теарце, нема да ви помогнеме туку Владата ќе ги помогне урбаните населени места. Се помагаат големите општини кои немаат ваква потреба или пак точно она што го рече господинот министер, двете заедно не одат. Или пак најмалку не одат сега. Не сакам да речам дека мнозинството во Парламентот е против Владата да помогне во создавањето на пунктот на противпожарната единица во

општина Теарце. Најмалку не треба да се има вакво образложение за да се фрли пепел во очи. Надлежностите на локалната самоуправа како во урбана така и во рурална средина тоа е истоветно, тоа е рамноправно. Пунктовите на противпожарните единици се надлежност пренесени од Министерството за внатрешни работи на тоа во локалната самоуправа, но потребата и готовноста е да се помогне.

Со ова не сакам да го исклучам фактот дека и другите рурални општини се соочуваат со истиот проблем и немаат финансиски потенцијал, парични средства оваа служба да ја етаблираат. Не е добро сакајќи да се оправда недостатокот на покривање, дека не може се да се реализира со еден буџет, аргументот се бара таму каде што не држи. Не е политички погодено да се каже дека не можеме да издвоиме толку средства на Теарце колку што треба да се даде на Тетово и Гостивар, бидеји Тетово и Гостивар не бараат вакви средства. Владата преку министерот вели дека немаме своја проекција да ги поддржиме сегашните противпожарни центри, или пак не е приоритет на Владата да прави градација, да се посвети поголемо внимание на урбаните општини, отколку на оние што се рурални. Затоа механизмот на гласање е тоа што ги решава. Но, не е добро од ништо да се создаде тема. Јас сакам не само општина Теарце, туку и Желино и Боговиње и останатите рурални општини во другите региони на Македонија, туку во случајов се говори за амандманот поднесен токму за оваа општина. Затоа несакајќи, значи сепак работите се јасни. Нема готовност и тоа е тоа. Ниту општината Теарце нема да го стави под прашање функционирањето на својата локална самоуправа, ниту пак жителите на Теарце нема да се предадат пред евентуална природна несреќа. Затоа ценам дека не ни служи на никого да дадеме аргументи таму каде што нема потреба од нив.

**Бесим Догани:** Збор има господинот Тахир Хани, повелете.

**Тахир Хани:** Ви благодарам почитуван потпретседател, почитувани пратеници, и јас сакам да го поддржам амандманот предложен од пратениците на Демократската унија за интеграција. Мислам дека е оправдано, не само што е оправдано и министерот требаше да го поддржи овој амандман од самиот факт што Република Македонија има двостепен систем, што значи имаме централна власт и имаме локална власт и сите општини во Република Македонија имаат рамноправен статус. И додека општините во Република Македонија имаат рамноправен статус, тогаш секако дека сите единици на локалната власт треба да се комплетираат со својата функционална структура на начин што локалната власт ќе може на непосреден начин да ги врши и да ги реши проблемите на тоа население во согласност со проблемите и времето и со тоа што ќе се соочат во оваа насока мислам дека е и обврска на самата општина Теарце да има противпожарна единица заради самиот факт што во законот е јасно предвидено и тоа во членот 5 во кој што се вели дека градот Скопје и општините Битола, Куманово, Тетово, Прилеп, Велес, Кавадарци и тн. истовремено делуваат и како противпожарна единица на Република Македонија. Значи, имаме комбинирање на функциналноста на противпожарните единици на ниво на Република Македонија. Ова е неопходност на времето и мислам дека во иднина ќе треба руралните општини и општините како што е Теарце со над 22 илјади жители и со територија од преку 300 км2 ќе треба и оваа општина да има противпожарна единица. Факт е дека оваа општина со територијален простор кој што можам да кажам дека припаѓа во делот на општини кои што имаат средна по големина територија во Република Македонија, што значи на оваа општина и е потребно да има противпожарна единица, потребно и е да има пожарникари кои што тука ќе бидат присутни во секое време и во секој момент ќе можат да интервенираат за да излезат во пресрет на ова население кое што може да се соочи со многу проблеми било да се тоа пожарите кои што се јавуваат во текот на летните месеци, или пак проблемите кои што можат да се појават во другите годишни времиња. Мислам дека во членот 6 од овој закон на דециден начин се предвидува не само тоа што една општина која што има над 22 илјади жители, не само општина што има толкава површина да може да има противпожарна единица, туку во членот 6 од овој закон се предвидува противпожарните единици да имаат и простори кои што имаат над 5, или 10 илјади. Во овој член 6 јасно се предвидува дека за малите општини кои што немаат голем број на население, на секои 1500 жители и припаѓа да има еден професионален пожарникар. И за поголемите општини се предвидува на секои 2000 жители да има еден професионален пожарникар. Со самиот факт што законот за противпожарни единици

предвидува за локалитетите, или пак за општините кои што имаат над 24 иљадии жители од 12 до 24 иљади жители се предвидува да имаат 17 пожарникари од кои што минимум 13 треба да бидат професионални пожарникари. Општина Теарце со 22 иљади жители секако дека припаѓа во оваа категорија на општини во кои што законот предвидува да има 17 активни пожарникари. До колку закноот предвидува една општина која што припаѓа на категорија на општини со број на население од 12 иљади до 24 иљади да има 17 пожарникари, тогаш секако дека и како рамноправен статус со другите општини на ниво на Република Македонија ќе треба Владата, ќе треба парламентарното мнозинство да размисли и помогне една ваква општина и истата да може да етаблира противпожарна единица во општина Теарце. Мислам дека ова е неопходна потреба, затоа што во идниот период кога ќе почне целосната децентрализација на противпожарните единици, затоа што за моментот ние имаме финансирање на противпожарни единици од страна на централниот буџет со непосредни целни дотации за оваа дејност врз основа на децентрализацијата на власта. Затоа давам поддршка на еден ваков амандман предложен од страна на пратениците на ДУИ и мислам дека е во интерес и на граѓаните и мислам дека е и обврска за која што и државата, Владата треба да размисли да поддржи еден ваков амандман. Така и пратениците треба да размислат да ја комплетираат организационата структура, или пак да ја комплетираат функционалноста на локалната власт во општина Теарце на рамноправен начин со другите општини кои што имаат противпожарни единици. Македонија има општини кои што имаат и 25 км2, има и општини кои што имаат под тој број. Меѓутоа, оваа општина со оваа површина споредена со општините со 20 км2, или пак со 138 км2, секако дека е неопходна потреба да се поддржи еден ваков амандман. Јас мислам, дали денес, или утре секако општина Теарце еден ден ќе има противпожарна единица, меѓутоа колку порано, толку подобро. И сега е моментот да дадеме една таква поддршка, да изградиме локална власт која што ќе биде функционална и во оваа насока ќе можеме локалната власт да и овозможиме да биде непосредно функционална и да служи на своето население, затоа што кога ќе се јави проблемот, кога ќе се јават тие проблеми, тогаш ќе се појави и невниманието и негрижата на општината, затоа што тие нема да бидат толку преокупирани, толку загрижени за да излезат во пресрет и во помош на друга општина. Се разбира, со самиот факт што често пати имаме ривалство меѓу општините, имаме и разни власти. Значи, може да се случи централната и локалната власт да не бидат во кохеренција, постојана кохеренција, тогаш секако дека за ваквите проблеми локалната власт ќе треба да има своја апсолутна независност за да излезе во помош на создадените ситуации во разните временски периоди на ова население. Затоа јас би приврšил со тоа што ќе треба да размислиме добро и ќе треба да поддржиме еден ваков амандман на начин што ќе излеземе во поддршка на идејата за основање на противпожарна единица во Теарце, да излеземе во поддршка на тоа население во општина Теарце кое што во минатата година имаше проблеми со пожарите и секако дека се соочувала со директни проблеми. Додека локалната власт во оваа насока верувам дека била неспособна во неможност, затоа што и фалеле тие механизми кои што директно би и помогнале да се соочи со создадената ситуација. Во иднина за да се излезе во пресрет на таа ситуација ќе треба да го поддржиме овој амандман, ќе треба да дадеме поддршка да го изгласаме, да се изгласа од страна на парламентарното мнозинство за да може да создадеме општина која би била функционална во иднина. Благодарам.

**Благој Зашов:** За збор се јави господин Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине потпретседателе, ќе бидам сосема краток. Доколку министерот оцени за потребно да ми одговори, во ред, ако не?

Имено, после катастрофалните пожари кои што беа во изминатово лето во Република Македонија премиерот одржа една прес конференција и најави купување на пет најсовремени противпожарникарски возила и тогаш се отвори во јавноста и околу купување на некој канадер, но тоа беше срамежливо кажано, но околу петте најсовремено опремени противпожарникарски возила, премиерот стоеше цврсто. Па ме интересира, дали заврши таа постапка, дали се купени, годината завршува за два-три дена и требаше да бидат купени, барем по најавите на премиерот од Буџетот од оваа година. Доколку министерот чувствува за потреба да ми одговори на ова прашање за да знаеме ако таа работа е завршена, ако се

купени барем во еден дел се отишло напред. Благодарам.

**Благој Зашов:** Ви благодарам господине Најдовски.

За збор се јави господинот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Навистина во текот на летото имавме пожари не само во Република Макдонија, туку и во соседните држави. Во оваа сала и на говорницата беа кажани големи зборови како треба во иднина да се организираме како држава, како треба да дејствуваме кога имаме такви елементарни непогоди како што се случија во нашата земја, реков и во соседните држави. Како што рекоа моите колеги, тие елаборираа зошто треба да се инвестира во Теарце. Освен другите работи имаме една голема територија која е во рамките на оваа општина и секако жителите не само на таа општина, туку и на останатите соседни општини како што општина Јегуновце имаат потреба, барем во општина Теарце да имаме еден пункт на противпожарна единица која сигурно во околности кога би имало пожар и во другите општини, ќе појдат во помош, или ќе им помогнат на граѓаните не само на таа општина на Теарце, туку и на Јегуновце и на останатите. Така што сите општини околу Тетово, или во рамките на Тетово рурални општини мислам немаат пунктови на противпожарни единици освен што има општина Тетово. Се поставува прашањето колку е подготвена таа општина навистина во такви случаи да им помогне на руралните општини како што беа спомнати и општина Боговиње, Теарце, Јегуновце, Желино и тн. Сигурно тие пожарникари кои се во тој број во општина Тетово и со подготовката што ја имаат навистина многу тешко е да им излезат во пресрет, или на помош на граѓаните кои можат да бидат опфатени од пожарот. Нема потреба од длабоки анализи дека ниту една општина рурална, но и урбаните немаат потребни подготвености, или пак техника, машинерија. Доколку се случи пожар во шумите како што е на Шара, ниту ќе можат да дејствуваат. Сигурно ние како политичари и Владата и локалната власт во таквите случаи треба да апелираме до граѓаните тие со голи раце да излезат во шумите и да се обидат да ги изгаснат пожарите. Мислам дека ние како земја во оваа насока доколку не можеме да интервенираме руралните општини да имаат свои противпожарни единици, треба да имаме барем една наша стратегија, државна стратегија во таквите случаи како треба да се дејствува. Јас немам познавање дека во оваа насока е направена некоја стратегија, доколку се случи да имаме повторно пожари дека ние сме подготвени да интервенираме. На голем број колеги не им се слуша, можеби се смеат, но сакам да ги потсетам, летово голем број плачеа со крокодилски солзи дека имаме такви пожари. Ние свикавме вонредна седница и таа седница беше прекината дека премиерот требаше да замине некаде, да се фотографира. Во однос на гасење на пожарите дека сме многу загрижени, а самиот факт дека не инвестираме особено во руралните општини говори само по себе дека сите тие зборови, сите тие седници и состаноци беа еден фалц.

**Благој Зашов:** Му благодарам на господинот Алити.

Бидејќи нема други пријавени за дискусија, ги замолувам пратениците кои не се во салата да влезат во салата, затоа што ќе пристапиме кон гласање.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата имаше 63 пратеници.

За амандманот гласаа 58, 12 гласаа за, 2 воздржани и 44 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 06001 програма 2 потпрограма 20 ставка 426 и на раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставки 426 и 464 поднесн од пратеникот Никола Ќуркчиев под архивски број 07-4819/136 и амандманот на раздел 06001 програма 2 потпрограма 20 ставка 426 и на раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставки 426 и 464 поднесен од пратеникот Никола Ќуркчиев под архивски број 07-4819/230 кои се со иста содржина.

Предлагам по овие амандмани да водиме единствен претрес, а гласањето да го извршиме за секој од нив одделно.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Трајко Славески:** Благодарам господине потпретседателе, не се прифаќа амандманот.

**Благој Зашов:** Благодарам господине министре.

За збор се јави пратеникот Никола Ќуркчиев.

Повелете господине Ќуркчиев.

**Никола Ќуркчиев:** Бидејки се работи за еден поголем амандман, дозволете ми од говорница да се обратам.

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер,

Ценам дека овој амандман треба да биде прифатен и затоа ги замолувам колегите од парламентарното мнозинство да имаат трпение заради тоа што тие гледаат само дека се работи за амандман што тежи 600 милиони деанри, штопредлагамод Буџетот на Република Македонија да бидат издвоени за замена на новите регистарски таблички.

Имено, според одредбите од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, односно според член 428 постојните регистерски таблички треба да бидат заменеиети со нови, најдоцна до 31 декември 2008 година.

Почитувани колеги, со оглед на тоа што регистрацијата на возилата во Република Македонија, до сега, важеше една година, тоа значи дека постапката за замена ќе започне или требаше да започне или треба да започне ан 1 јаниари 2008 година. Граѓаните до сега нешто беа информирани за оваа одредба, меѓутоа не целосно и тоа го знам сигурно. Зошто граѓаните не се информирани колку ќе чинат новите регистарски таблички, претпоставувам дека потпретседателот на Собранието, Догани , не му е интересно, заради висината на вашите месечни примања, меѓутоа верувајте не е мал бројот на граѓаните кои знаат дека оваа работа ќе ги чини многу повеќе отколку до сега при нивната регистрација.

Сметам дека едно е на сите јасно дека од 1 јануари 2008 година, согласно Законот за осигурување на возилата за предизвикана штета на трети лица од сообраќајни незгоди, секое возила ќе мора да поседува, познатиот таканречен зелен картон, без разлика дали ќе патуваат во странство или не, што навистина ќе значи едно ново, дополнително оптоварување на граѓаните, при регистрација на нивните возила.

Ако се знае дека во член 344 од Законот за безбедност на сообраќајо тна патиштата, во кој се вели дека  возило регистрирано во Република Македонија не може да ја напушти територијата на Република Македонија ако не носи истакната меѓународна ознака на Република Македонија, тоа значи дека имаме ново, дополнително оптоварување на граѓаните. Со оглед на тешката финансиска ситуација, со оглед на новите поскапувања што веќе се во тек и што наидуваат и така дополнителните оптоварувања за зелени картони и за нови таблички навистина не се потребни.

Ако сите знаеме дека сегашната цена на табличките изнесува, заедно со сообраќајната дозвола, таксени марки и други услуги 1780 денари, првичните пресметки, барем оние што беа пласирани во јавноста беа дека новите регистерски таблички ќе чинат повеќе од 3 илјади денари. Па, ако се земе предвид да биде приближно колку и сега, значи само 2 илјади денари, тоа значи дополнителни или нови 700 милиони денари што ценам дека ќе бидат големо оптоварување за граѓаните.

Мислам дека на сите ни е јасно, со зголемувањето на цената на бензинот, на суровата нафта на светските берзи, тоа значи, дефакто, можно е да се случи 30%-40% па и повеќе ќе имаме или ќе ни се случи поскапа регистрација на возилата.

Почитувани колеги, бидејки неофицијалната бројка на нерегистрирани возила во Република Македонија се движи или статистички изнесува околу 25%, со новава давачка или оваа бројка сигурно дека нема да се намали, туку напротив, овој процент од 25% на нерегистрирани возила може да доведе до нови, сериозни,би рекол тешки последици по безбедноста на сообраќајот во Република Македонија. Сите овие возила кои не се регистрирани, а кои се движат по патиштата на Република Македонија, се технички непрегледани и во најголема мера се неисправни.

Со цел граѓаните да бида тослободени од ова големо, би реколоптоварување, предлагаме средствата за замена на регистерски таблички да падне на товар на државата. Бидејки регистерските таблички за возила и таблиците за обележување на возилата за подготовка на возачи, со подзаконски акт ги уредува минситерот за внатрешни работи, тој воедно ги пропишува истите. Нормално беше да сите сопственици на моторни возила беа збунети и изненадени од информациите, а би рекол и од предлог решенијата што се појавија не само во медиумите, туку и во Службен весник на Република Македонија. Се разбира,не заради некои други нешта, туку заради содржините што бе апредвидениво законот.

Имено, членот 345 од Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата е многу јасен што треба да содржат новите регистерски таблички. Тој вели дека на предната страна треба да има само определени букви и

бројки, испишани и никако дека покрај овие две нешта, во овој член, регистерските таблички не е дозволено да се истакнуваат други осзнаки и симболи.

Почитувани колеги, можеби овој амандман навидум изгледа дека не е важен, меѓутоа верувајте дека е голем бројот на граѓани во Република Македонија што ќе ги натера ова дополнително оптоварување и оваа замена на старите регистерски таблички да не го почитуваат Законот и да продолжат со своите моторни возила да се движат нерегистрирани, да продолжат, едноставно кажано, да ја зголемуваат и така лошата состојба на патиштата и едноставно да го загрозат нормалното одвивање на сообраќајот.

Јас не знам кој се учествувал во изготвување на идејното решение за новите таблички,меѓутоа сигурен сум дека министерот е доведен во заблуда, дека тој презел мерки за тоа, меѓутоа нормално, претпоставувам дека и тој ќе се согласи со мене да замената на регистерските таблички биде на товар на Буџетот, односно на товар на државата. Јасно е дека оние кои го имаат прочитано Законот,сите правни лица кои на сегашните таблички имаат некаков знак,освен она што нормално е содржина на таблицата, без разлика дали е тоа знакот на СДС илипознатиот лав, сосема seедно, треба да бидат подготвени да платат, (дофрлање од место) на далеку познат, така е, жолтата петокрака. Ако зборуваме за лав, тогаш почитуван колега глобата изнесува од 550 до 2350 евра. Таа глоба е пропишана во Законот и се надевам дека ќе почне да се применува, заради тоа што не е мал број на возилата кои, меѓу другите ознаки го имаат и лавот.

За возачите,исто така има во Законот предвидено, но да не ја вулгализираме работата,овој амандман го сметам за многу сериозен, што ќе придонесе граѓаните да имаат едно оптоварување од наша страна, а ние сме нивни претставници и во тој дел, навистина очекувам да го подржите овој амандман.

Почитуван министре, навистина би било згодно ако уште еднаш размислите и го прифатите овој амандман, без разлика што се работи за една, можеби, погоелма сума, се работи за 600 милиони денари, меѓутоа ценам дека граѓаните би знаеле да го ценат овој потег. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Ќуркчиев.

За реплика се јави господинот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Навистина, господине Ќуркчиев се гледа дека добро сте ја студирале оваа материја, меѓутоа мене ме интересира кои таблици граѓаните ќе ги чинат повеќе, тие на СДСМ или тие што ќе бидат со лавот на ВМРО-ДПМНЕ. Затоа што и ние, другите кои сме тука присутни имаме наши амблеми, па во иднина сигурно и ние ќе треба да размислиме да со амандман реагираме на таблиците да бидат и знаците на другите субјекти. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Алити.

За контра реплика се јави господинот Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Почитуван колега, не треба да се грижите колку ќе чинат оние таблички на СДСМ заради тоа што членовите на СДС и до сега немаа пракса знакот на партијата да го ставаат на регистерските таблички од возилата. Се надевам дека таа пракса нашите членови ќе ја продолжат и во иднина, без разлика што можеби некои други политички партии, можеби и вашата имаат пракса да дел од ознаките ги поставуваат на регистарските таблички.

Меѓутоа, мислам дека овој амандман е многу поважен за граѓаните, да цената на новите регистерски таблички и замената падне на товар на Буџетот, односно на државата, отколку да расправаме за тоа кој знак и каде ќе се наоѓа.

Имено, според членот 345, покрајознаките, буквите и броевите на регистерските таблички,не смее да има никакви ознаки ниту пак симболи. Тоа е повеќе од јасно што треба да има. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Ќуркчиев.

За збор се јави министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Се јавив за реплика на господинот Ќуркчиев.

Заради јавноста, заради објаснување и во образложението на амандманот има изнесено еден неточен податок, дека наводно од наредната година ќе мора секој граѓанин кој поседува регистрирано патничко возило да купува и зелен картон. Тоа не е точно. Со ниту еден закон тоа не е пропишано. Граѓаните во Република Македонија имаат можност да изберат, до колку планираат да патуваат надвор од границите на Република Македонија, да купат

таканаречен зелен картон, односно осигурување што ќе важи во земјата во која патуваат.

**Благој Зашов:** Благодарам господине министер.

Повелете господине Ќуркчиев, вашата контра реплика.

**Никола Ќуркчиев:** Почитуван министер, јас не мислам така.

Меѓутоа еве се согласувам со вас дека граѓаните не треба да купуваат зелен картон ако не мислат да патуваат во странство. Дали тогаш се согласувате со сето друго што беше изнесено од моја страна како аргумент да замената на регистерските таблички падне на товар на Буџетот,односно на товар на државата. На овој начин уште еднаш ќе покажете и вие како Влада на Република Македонија, а и ние пратениците дека се грижиме за граѓаните кои не избраа да дојдеме на овие места. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Ќуркчиев.

Господине Ивановски имате збор, повелете.

**Игор Ивановски:** Се надевам дека министерот многу внимателно го слушна колегата Ќуркчиев кога даваше образложение за својот амандман. Во таа насока ќе дадамподршка и ќе го замолам да се осврне на конкретната тема на амандманот, а не за ланскиот снег.

Бидејки амандманот има конкретно барање, тоа е државата де факто да ги субвенционира сите граѓани на Република Македонија при промената, односно купување нови регистарски таблички, патем речено кое не можат да го направат врз доброволна или лична основа, туку државата го пропишува како облигација. И наредува, Излезе министерката за внатрешни работи, преку своите структури, еден ден пред околу месец дена и рече во Република Македонија регистерските таблички ќе се сменат. Граѓаните ќе мора да ги купат новите.

При тоа, ниту таа , ниту веи денеска давате образложение што им фали на постојните? Зошто ги менуваме? Што е причината да ги менуваме? Кои се компаративните искуства од државите членки на Европската унија?

Ако внимателно ги погледнеме, ќе видиме дека единствената држава, Валдата на Република Македонија даде компарација, дека има слични регистерски таблички од овој тип, тоа е Андора и ако Република Македонија дојде во ситуација да се споредува со Андора, освен ког аигра фудбалска утакмица, тогаш нешто не е во ред.

Затоа дозволете, многу на кусо да спомнамнеколку проблематични аспекти од самата мерка на воведување нови регистерски таблички, врз база на кои што колегата Ќуркчиев,  ајас се придружувам кон тоа негово барање, државата има обврска, бидејки им ги наметнува како обврска на страната на граѓаните и истите трошоци да ги подмири.

Првиот аспект е економски. Колегата Ќуркчиев вели 3 илјади, во медиумите се пишуваше дека ќе чинат 4 илјади денари. Секое семејство кое има најмалку еден автомобил, а некои имаа ти повеќе, ќе имаат обврска при промената на регистерските таблички да платат најмалку 4 илјади денари за набавка на нови. Тоа е дополнително оптоварување на семејниот буџет. Или, преведено со она што сака министерот многу да милува да говори, тоа е статистиката, бидејки таму има најмногу влијание преку Благица Новковска, тоа е одприлика 1/3 од просечната плата во Република Македонија, за кое што господине министре доаѓаме на ставовите на СДСМ дека во 2007 година не пораснаа од 10%, туку според вашиот Завод за статистика, од прилика се 5%. Но тоа е друга тема. Државата, или Владата предводена од ВМРО ДПМНЕ вели, граѓани вие мора да купите нови регистарски таблички и ќе ве чинат 4000 денари.Ние тоа ви го наметнуваме како трошок. Каде што драстично растат цените на сите производи од потрошувачката кошничка, каде што драстично паѓа животниот стандард, каде што минимално речиси воопшто не растат платите, или пензиите, државата вели, еве ви уште еден нов трошок. Тој ќе чини 4000 денари. Тој пристап на Владата не е нов за жал. Да ве потсетиме господине министре дека Владата не ја испочитува до крај обврската за воведување на правилникот за квалитет на течните горива кој што требаше да важи од септември. Тоа не е во ваш домен, но вие сте дел од колективниот орган, бидејќи се затскривата зад одлуката на Владата и ќе ве замолам да не зборувате на мобилен телефон додека говорам, бидејќи сакам внимателно да ме слушате. Со невоведувањето или нестапувањето.

**Благој Зашов:** Ќе причекаме.

**Игор Ивановски:** Ќе причекаме ако треба. Ако јавувањето е во функција на дополнителна информација, јас ќе причекам. Багодарам.

Бидејќи министерот престана да говори по телефон, јас можам да продолжам. На тој начин со тоа што правилникот за квалитет на течните горива не стапи во сила, а на тој начин штитејќи го монополот на ОКТА, Владата на ВМРО ДПМНЕ направи уште еден дополнителен трошок на граѓаните на Република Македонија, кои што мора да прават чести поправки на своите возила, бидејќи користат неквалитетно гориво и на тој начин полнејќи го буџетот на ОКТА, а преку ОКТА, претпоставувам преку историскиот договор на ВМРО ДПМНЕ и на сопствените министри. Уште еден фактор плус е воведувањето на овие регистарски таблички.

Значи, од економски аспект тие не се оправдани. Од технички аспект, апсолутно не се оправдани, бидејќи како што збореше колегата Ќуркчиев, оптоварувањето на домашниот буџет со дополнителни 4000 денари само за регистарски таблички ќе значи дека многу наши граѓани ќе се одлучат да не ги купуваат и возилата да им стојат во нерегистрирана состојба дополнителна од немај каде да ги возат колите без соодветна техничка проверка, што дополнително ја загрозува и безбедноста во сообраќајот, но и лично го загрозува, оние кои што се одлучиле на тој начин да го користат своето возило.

Третиот аспект е потенцијално коруптивниот ние во јавноста не добивме информација која е фирмата која што ќе ги изработува новите регистарски таблички. Колегата Ќуркчиев говореше за пресметка од 2000 денари и тоа од прилика чини 11 милиони евра. Ако е точна пресметката која што во медиумите се зборуваше, дека е двојно повеќе, 4000 денари, добиваме дека бизнисот со регистарски таблички на постоечкиот број на возила изнесува од таа сума што јас можев лично да ја видамво медиумите 22 милиони евра. Македонската јавност мора да знае која е фирмата која што го доби овој тендер. Тоа е многу битно бидејќи треба да се знае дали мотивот за воведување на регистарски таблички бил потенцијално коруптивниот, бидејќи воведување на бизнис, или давање на бизнис на одредена фирма во вредност од 22 милиони евра е добар мотив некој да одлучи да ги менува регистарските таблички.

Четвртиот или петтиот аспект е оној кој што за жал, во светлина на сите настани во изминативе месеци, но уште повеќе би можел да биде и политички момент во следните месеци се реакциите не само од Атина, туку од нашите евро и НАТО партнери, дека мерката за воведување на конкретниот изглед и тип на регистарските таблички, може да биде искористен во толкување од типот на политичка провокација во време кога тоа на Република Македонија најмалку и треба.

Значи, набројав најмалку пет работи кои што овие регистарски таблички и воведувањето на регистарски таблички ги прави катастрофално лоши и неисплатливи за граѓаните. Ќе чинат 4000 денари, ќе доведе многу коли да не се регистрираат, потенцијално коруптивен, бидејќи станува збор за бизнис од 22 милиони евра кој што не знаеме кој го добил. Политичкиот, бидејќи конкретиот изглед на овие таблички, за кои што говореа претставниците на Министерство за внатрешни работи не само што е во спротивност со законот за безбедност на сообраќајот на патиштата кој што беше публикуван и доделен на јавноста и на пратениците, туку може да биде искористен. Јас не велам дека тој е таков, но може да биде искористен, за да се протолкува како политичка провокација во најлошиот временски период за Македонија. Да ве потсетам дека најавата за воведување на вакви регистарски таблички се соопшти во јавноста во денот кога директорот на македонската царина не дозволуваше да влезе стоката која што ја имаше референцата, на тој начин правејќи сериозна штета на бизнисот, правејќи сериозна политичка штета, глумејќи дека е репрезент на политиката во институција која што апсолутно не треба да има врска со политиката.

Можеме да продолжиме да говориме за штетите последици од овој чин уште многу. Но овој момент, бидејќи разговараме за Буџетот и бидејќи имаме конкретен амандман, можеме да зборуме на кој начин економски да им се помогне на граѓаните на Република Македонија, а тоа е да се прифати амандманот со кој што Владата ќе се обврзе, не со своите, бидејќи нема такви пари, туку со истите пари на граѓаните кои што ги даваат преку регистрацијата на возилата, кои што ги даваат преку осигурувањето, кои што ги даваат преку кукпувањето на нафтените деривати, преку ДДВ, преку царината за скапите деривати, кои што за жал, не се увезуваат од надвор заради штитење на ОКТА. Да им се вратат сите овие пари кои што ги одвојуваат граѓаните, на тој начин што државата, Владата ќе ги плати регистарските таблички, кои што сака како облигација, како задолжителна обврска да им ја наметне на граѓаните. Доколку Владата не е спремна тоа да го направи, а има пари, тогаш сметаме дека таа треб да се откаже од идејата за

воведување на регистарски таблички, бидејќи истите не се во согласност со законот, кој што ова Собрание го донесе по барање на истата Влада и бидејќи сите сериозно ќе го оптоварат домашниот буџет.

И уште една работа. Овој закон предвидува сериозни казни, за кои што говореше колегата во износ од 550 евра до 2350 за обележување на регистарските таблички со партиски симболи. Не само со партиски, со било какви. За жал, по 2006 година сериозно ни се враќа ситуацијата од 1998 до 2002 година. А тоа е, се почесто да се појавуваат коли со затемнети црни стакла, се појавуваат колите кои што го имаат знакот на грбот на ВМРО ДПМНЕ на регистарските таблички, па имаме дури и такви ситуации одредени пратеници во ова Собрание на своите цивилни возила имаат и опрема која што смеат да ја имат само специјалните возила, кои што се користат во придружба. Такви пратеници има во владеачкото мнозинство, нема во опозицијата и се надевам дека тие информации кои што ги знаат во Министерство за внатрешни работи ќе бидат соодветно проверени и соодветно санкционирани. Бидејќи колеги, ако сака некој да биде пример за спроведување на законот, за безбедност на сообраќајот и безбедност на патиштата, треба да тргнеме од самите нас. Не може пратениците или некој во Владата, истиот закон кој што сме го донеле го крши.

И на крајот, сосема процедурално, неповрзано со овој амандман, бидејќи немам намера повторно да се јавам, ќе ги замолам координаторите на пратеничките групи од власта, да им сугерираат на своите колеги пратеници да не се придружуваат на веќе постоечки амандмани на своите колеги, бидејќи не претрпаа со хартија, која што значи трошок на ова Собрание, само за да во МОСТ при анализата на работата да им се брои дека поднеле амандмани. Апсолутно, ако некој има желба и намера да поднесе амандман, тоа треба да го направи, апсолутно, тоа е потребно, легитимно и дозволено, но ако веќе истиот амандман е поднесен, нема потреба во континуитет од една пратеничка на ВМРО ДПМНЕ да гледаме топ хартии дека таа се придружува на сите останати амандмани. Ова е процедурална замолница, бидејќи апсолтно нема потреба да трошиме хартија за да гледаме дали некоја пратеничка од ВМРО се придружува на амандман на некоја друга пратеничка од ВМРО. Не баре и прави друштво на кафе. Сериозно треба да престана таа пракса, бидејќи броењето на поднесувањето на амандмани, не значи дека некој пратеник станал активен, или е добар во својата работа. Се извинувам што ја злоупотребив дискусијата за процедурална забелешка, но тоа е чисто од аспект на користење ефикасно на времето. Благодарам.

**Благој Зашов:** Ви благодарам господине Ивановски за говорот и за замолницата.

За збор се јави господин Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам потпретседателе.

Се јавив во насока на поддршка на амандманот поднесен од колегата Ќуркчиев, а кој се однесува на обезбедување парични средства за замената на регистарските таблички, кои согласно членот 428 од Законот за безбедност во сообраќајот, треба да се заменат со нови, најдоцна до 31.12.2008 година.

Сметам дека могу малку граѓаните на Република Македонија се информирани за оваа обврска која што им претстои, бидејќи Владата како и за многу други работи, кога не и одат во прилог околностите или во ситуации кога треба да наметне нови давања на граѓаните, не сака да испадне на прес конференции, не сака да води кампањи, за да им објасни на граѓаните, зошто е потребно да извршат замена на постојните регистарски таблички со нови.

Цениме дека ако веќе мора да се изврши замена, бидејќи законот мора да се почитува, во тој случај е најдобро парите на таквата акција да бидат обезгедени од Буџетот на Република Македонија, односно Владата да биде таа што ќе ги плати новите регистарски таблички, а на граѓаните ќе им бидат дадени нови, без никаква доплата, со едноставна замена на старите со нови регистарски таблички. Ова го бараме затоа што, како што зборуваа и моите колеги претходно, никој од Владата не објасни зошто и дали е неопходно да се заменат регистарските таблички со нови. Никој не објасни која ќе биде цената на новите регистарски таблички, па овде се слушнаа суми од 1800 до 4000 денари, што во услови на постојано зголемување на цените и намалување на животнот стандард на граѓаните, навистина, е големо оптоварување и многу малку граѓани ќе можат да го издржат ова и да ги регистрираат своите возила.

Знаеме дека секоја година се намалува бројот на возила кои што се регистрираат, од

една страна и тоа е пред се поради постојаното влошување на животниот стандард на граѓаните и неможноста да ја платат регистрацијата или понатаму да го користат своето возило.

Од друга страна, сведоци сме дека Владата кога наметнува давачки за граѓаните тоа не го прави транспарентно, туку едноставно, чека да дојде времето кога ќе се заменуват табличките, и граѓаните изненадени да бидат ставени во ситуација да мора да плаќаат нови регистарски таблички. Тука се отвора прашањето и за висинста на регистрацијата која што се плаќа во Република Македонија. Имаше споредбени анализи со другите земји и беше кажано дека сумата која што се плаќа за регистрации е меѓу највисоката од земјите од опкружувањето и мислам дека Владата, иако најауваше одредени напори во таа насока за да ги намали овие давачки, сега на изненадување на голем број на граѓани ќе излезе нова давачка која се однесува на купување на регистарски таблички. Затоа е најдобро ова да се изведе и да не се почувствува во буџетот на граѓаните, а доколку е неопходно да се изврши замена е добро Владата во Буџетот да предвиде средства и како што предлагаме со амандманот, замената дас се изврши без плаќање од страна на граѓаните.

Во таа насока ги повикувам колегите пратеници да го поддржат овој амандман и на тој начин да создадеме услови да ги спасиме граѓаните од една дополнителна давачка. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Николов.

За збор се јави госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Благодрам почитувани присутни.

Амандманот поднесен од колегата Никола Ќуркчиев се однесува на новите регистарски таблички кои почнувајќи од 1.01.2008 година ќе бидат задолжителни при регистрацијата на возилата. При регистрацијата на возилата, не би сакала да ги повторувам досегашните дискусии во кои слушнавме дека од семејниот буџет, односно од Буџетот на сопствениците на моторни возила ќе биде потребно издвојување на дополнителни 4000 илјади денари за регистарски таблички од Буџетот на Република Македонија, односно збирно сите тие средства, не од Буџетот, туку од семејниот буџет ќе чинат преку 22 милиони евра. Зделка со завидна цена. Мотивот најверојатно коруптивен. Јас во оваа моја дискусија би сакала да се осврнам на другиот аспект од овие регистарски таблички за кои бараме, за кои колегата бара да бидат од сметка на Буџетот на Република Македонија.

Другиот момент е загубата на македонското стопанство, загубата на македонската економија од воведувањето на новите регистарски таблички, чија презентација можевме неодамна да ја видиме. Веројатно ќе се мери загубата со десетици милијарди евра. Притоа, не е доволно да кажеме дека министерката за внатрешни работи не летувала во Грција и нема да оди таа во Грција, иако на новите регистарски таблички веројатно ќе доведат до таква нова блокада. Кој ќе ја плати господин министер штетата за изгубената добивка на македонското стопанство, на македонската економија со воведувањето на новите регистарски таблички. Значи, не станува збор за 22 милиони евра давачка, која ако веќе мора да се воведе, бараме да се воведе од Буџетот на Република Македонија,туку станува збор за десетици милијарди евра загубена добивка, односно пораз односно недостаток, односно раскинати договори на македонското стопанство. Пред се, би сакала да кажам за тектилната индустрија на која се базира цела Источна Македонија. Зошто, заради некој да си направи добар уносен бизнис и да го дополни сопствениот џеб.

Другиот аспект на новите регистарски таблички, за кои бараме, за кои бара колегата со овој амандман, веќе ако мора да се воведат, ако сте решиле да ги воведувате и покрај тоа што не одите на одмор во Грција, ефектот или новата провокација непосредно пред приемот на Република Македонија во НАТО. Пред кандидатурата, како ќе се протолкува. Дали слично како името на аеродромот Александар Македонски, или пак уште ќе претставуваат новите регистарски таблички уште еден аргумент за ветото кое Република Грција неколку пати веќе го најавува. Размислете уште еднаш. Размислете дали од Буџетот ќе ги обезбедите овие средства и уште повеќе, дали е паметно во овој момент воведување на нови регистарски таблички.

Впрочем, во оваа смисла јас имам поставено уште поодамна пратеничко прашање до министерката за внатрешни работи на кое до ден денес не ме удостои да ми одговори. Меѓутоа, ценам дека во склоп со оваа дискусија за овој амандман е добро да кажам дека пратениците од опозицијата прашуваат како врз македонската економија и како врз

кандидатурата на Република Македонија за влез во НАТО ќе се одразат новите регистарски таблички.

Почитувани присутни, поради тоа барам да го подржите амандманот на колегата Ќуркчиев, но уште повеќе да размислите за потребата од воведување на нови регистарски таблички. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓа Филипова.

Само да прашам, дали господинот Николовски е за реплика или за збор.

Збор има госпоѓа Цветковска, повелете.

**Благородна Цветковска:** Благодарам потпретседателе.

Сосема го делам мислењето со претходните дискутанти кои доста исцрпно, реално, со аргументи зборуваа за поднесениот амандман од колегата Ќуркчиев. Дали за вакво идејно решение се прашани граѓаните, бидејќи според одредбите од Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата односно според член 428 од Законот, постојните регистарски таблички треба да се заменат со нови најдоцна до 31.12.2008 година.

Почитуван министер за финансии. Дали знаете што ги интересира граѓаните во овој момент? Зелени картони, меѓународни ознаки, нови регистарски таблички. Граѓанте сметаат дека без кола се може, но нив повеќе ги интересира колку им е покачена платата, колку е процентот на вработеност, дали нивните деца се вработени, прашуваат пензионерите исто за нивните пензии, прашуваат колку е поскапен лебот, бидејќи тоа е секојдневие од кое не можеме да бегаме, ќе одиме пеш, меѓутоа со празен стомак не се оди, нив ги интересира до каде е цената на маслото за јадење, до каде со брашното поскапување од 350 денари на 550 сега 850 денари вреќа брашно. Нив ги интересира поскапување на струјата, затоа што имаат студенти, имаат невработени, немојте во вакви тешка ситуација зарем е потребно да зборуваме за еден ваков Предлог на закон кој навистина треба да се донесе, треба да се почитува. Меѓутоа, не може поради немаштијата, верувајте дека поради немаштијата не може да се почитува. Јас ќе ви кажам случај дека, еве во Крива Паланка на пример и во другите места во Источна Македонија, па возат коли со бугарски таблички, па никакви казни немаат, секој втор граѓанин во Крива Паланка е со бугарска регистрација, каде се казните? А сега обичниот граѓанин го изложуваме на вакви издатоци. Зарем сега најдовме време, наместо да им честитаме Новогодишни празници, ние еве со какви проблеми се занимаваме. Па дај да им ја подобриме ситуацијата, прво, да им го подобриме економскиот статус, па тогаш да можат да дојдат до кола, па да ја регистрираат, а да не им стојат во гаражите и без бензин. Во Македонија ситуацијата е тешка и мислам дека ако министерот се согласи од Буџетот да се обезбедат пари да се покрие, во ред е, а граѓанинот од својот сопствен џеб да издвојува за вакви намена навистина немаме чувство на човечност и некои можат, но тоа е само 10% од граѓаните на Република Македонија, а другите 90% не можат тоа да си го дозволат. А овие што се карши нас во Паркот на жената ќе треба да им купиме некој кубик дрва. Треба да водиме сметка за многу позначајни работи отколку за ова што треба да се донесе. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓа Цветковска.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците кои се надвор од салата да влезат, за да можеме да пристапиме кон гласање.

Ги молам колегите да седнат на своите места за да можеме да провериме дали имаме кворум.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата има 61 пратеник.

Амандманот на раздел 06001 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 426 и на раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставки 426 и 464, поднесен од пратеникот Никола Ќуркчиев под архивски број 07-4819/136, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеници, за амандманот гласаа 10 пратеници, воздржано 1, против 49.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отварам претрес по амандманот на раздел 06001 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 426 и на раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставки 426 и 464, поднесен од пратеникот Никола Ќуркчиев, под архивски број 07-4819/230.

Колегата Ќуркчиев најави дека го повлекува овој амандман.

Отворам претрес по амандманот 06001 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 481 и на

раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 464, поднесен од пратеникот Есад Рахиќ, под архивски број 07-4819/42.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете господине министре.

**Трајко Славески:** Благодарам потпретседателе. Амандманот не се прифаќа.

**Благој Зашов:** Има збор господин Есад Рахиќ, повелете.

**Есад Рахиќ:** Почитуван потпретседателе, драги колеги пратеници, почитуван министре.

Ова е трет пат или четврти пат во моето парламентарно искуство да поднесувам амандман со ваква содржина. Сигурен сум дека како министер, а претходно како асистент и млад човек сте имале проблеми со решавање на станбено прашање и знаете како тешко се доаѓа во денешно време до стан, освен ако не сте на некоја друга функција, гувернер или нешто слично, тогаш лесно се доаѓа и до станови и до плацеви и слично.

Сведоци сме на аномалии што се случуваат во последните месеци во Министерството за внатрешни работи каде што има убиства, претходно имаше упад во еден клуб и слично. Меѓутоа, тоа е еден мал дел од полицијата. Сега сакам да зборувам за поголемиот, односно најголемиот дел од полицијата каде што работат чесни и вредни луѓе кои што дефинитивно немаат никакви услови за работа. Ја поздравувам вашата иницијатива и зголемувањето на Буџетот. Веројатно сходно на зголемувањето комплетно на Буџетот за 15% и тука има зголемување. Иако денеска пратеникот Поповски ме исплаши со изјавата на гувернерот Гошев дека реалните приходи се прикажани неточно и дека приходите во Буџетот ќе бидат помали. Значи, овој амандман се однесува и јас од вас барам како пратеник и ќе барам и наредната година 150 милиони денари за изградба на станови за лица вработени во полицијата. Зошто е тоа така? Знаете дека пред неколку месеци имаше убиени полицајци чии што деца останаа сираци. Да спомнам за еден полицаец кој што семејната куќа што ја градеше остана непокриена, затоа што единствениот хранител на семејството загина. Ви реков, се работи за полицајци кои што еве, вие сега кога ќе завршите со денешнава расправа, ќе ве земе возачот ќе ве однесе во Владата, јас ќе седнам во својот автомобил, а полицаецот надвор на минус 10, или на минус 15 степени ќе седи до сабајле и ќе се грижи за нашата безбедност. Сходно на тоа би ве замолил, бидејќи и претходниот амандман мој беше за војската и за оние униформирани лица. Оваа Влада, или сите влади на оваа држава мора да имаат конзистентна стратегија како да се решаваат проблемите на овие луѓе. Ако 10 години се издвојува одредена сума, им се даде на тие лица, или да земат кредит, или на земјиштето кое што го има војската, или да речеме полицијата, ослободени од одредени придонеси, сметам дека е многу лесно. Значи, тоа е цифра за 10 години од 25 милиони евра. Пресметајте еден просечен стан кој би се градел со 20 илјади евра, колку станови се, колку семејства ќе бидат усреќени. Јас би ве замолил вас колеги од позицијата, иако не сте заинтересирани, а сугурен сум дека за неколку месеци по прогнозите на мојот колега Бучковски, или за две ипол години ќе ја барате довербата од овие луѓе.

Затоа барам и апелирам до вас да го подржите овој амандман.

**Благој Зашов:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 57 пратеници, за амандманот гласаа 13 , воздржно гласаа 2, против гласаа 42 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 06001 Програма А за додавање нова категорија 48 и ставка 483 по Потпрограма А2 и ставка 442 и раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 464, поднесен од пратниците Марјанчо Николов, Верица Филипова, Влатко Серафимов и Игор Ивановски под архивски број 07-4819/186.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Трајко Славески.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Благој Зашов:** Амандманот не се прифаќа.

За збор се јави господин Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчно Николов:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, иако министерот и покрај нашите барања не се труди да даде образложение, или да спори со одредени

ставови на опозицијата по однос на амандманите и воопшто по Буџетот. Сепак во интерес на јавноста ќе кажам дека амандманот се однесува, односно со амандманот се предлага  да се обезбедат средства во износ од 6 милиони денари за набавка на ново противпожарно возило за противпожарната единица во Велес. Сметам дека е многу неопходно што побрзо да се изврши набавка на нови возила не само за противпожарната единица во Велес, туку генерално за многу противпожарни единици во Република Македонија. И за тоа веќе говоревме претходно по однос на претходен амандман. Но, бидејќи доаѓам од Велес, ги знам состојбите со опремата на противпожарната единица во нашиот град, сметам дека еден од приоритетите за оваа противпожарна единица е токму набавката на ново современо противпожарно возило, бидејќи постојните противпожарни возила имаат век постар повеќе од 20 години, а и целокупната опрема со која што располага оваа противпожарна единица сигурно надминува повеќе години на старост. Противпожарната единица во Велес покрива доста голема територија. Велес е град со 55 илјади жители, а исто така, има обврска да ги покрива и сите околни општини кои што не се одалечени повеќе од 25 километри од општина Велес. Во услови да не се случи да се појави потреба од интервенција на противпожарната единица за да може таа навремено и брзо да се изврши, добро е за еден ваков град да се обезбеди едно современо противпожарно возило. Парите од кои што се планира да се обезбедат овие средства, предлогот е да се одземат од ставката со која што Владата досега ги финансираше своите кампањи. А знаеме дека нивниот број  не е мал во изминатата година. Сега гледаме во весниците има тендери за уште неколку кампањи. И сметам дека една кампања помалку, дури нема ни да биде помалку од една кампања е вредна да се жртвува заради сигурноста и безбедноста на граѓаните во Велес. Во таа насока ги повикувам колегите да го подржат амандманот.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Николов.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во моментот во салата се присутни 61 пратеник.

Вкупно гласале 55 пратеници, за гласале 12, воздржано 1, против 42 .

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Со оглед на истеченото време, ја прекинувам денешната седница. Седницата ќе продолжи утре со почеток во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 21,00 часот)